**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јули 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,26 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Гркова Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Емилијан Станковиќ, Горан Сугарески, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски, Радмила Шекеринска, Тито Петковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Стојан Андов, Тахир Хани, Хисен Џемаили, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Мандаторот и предложените кандидати за состав на Владата на Република Македонија, шефовите на странските дипломатско-конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

На денешен ден пред 45 години се случи катастрофалниот земјотрес што го разруши Скопје и однесе повеќе од 1000 животи, но горди сме што граѓаните на Скопје и нашата држава со солидарноста на целиот свет повторно го изградија Скопје, кој прерасна во град на солидарноста.

Предлагам Предлогот на дневен ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За Предлогот гласаа 77 пратеници, сите 77 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија и пратеникот Неждет Мустафа кој е предложен за член на Владата на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Еден)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Никој)

Вкупно гласаа 78 пратеници, сите 78 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Избор на Влада на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, сите 77 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија и пратеникот Неждет Мустафа кој е предложен за член на Владата на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот, молам да крене рака? (Еден)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Кој е против? (Нема)

По предложениот дневен ред вкупно гласаа 78 пратеници, сите 78 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точка 1 - Избор на Влада на Република Македонија.**

Согласно член 112 од Деловникот на Собранието претресот трае најмногу два дена. Редослед на пратениците кои ќе учествуваат во претресот го утврдува претседателот на Собранието на начин кој обезбедува учество во претресот на пратеници од различни политички партии застапени во Собранието. Гласањето за избор на Владата се врши по Предлогот за состав на Владата во целина со јавно гласање. Гласањето се врши по завршувањето на претресот, а најдоцна во 24,00 часот. Владата е избрана ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број на пратеници.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути. Координаторот на пратеничката група и предлагачот можат да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

Предлогот за состав на Владата и Програмата Ви се доставени. Програмата и Предлогот за состав на Владата ќе ги образложи мандаторот господин магистер Никола Груевски.

Има збор господин магистер Никола Груевски.

Повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам господине претседателе, Ваши екселенции, високи претставници на верските заедници во Република Македонија, почитуван господин Бранко Црвенковски, почитуван претседател на Собранието на Република Македонија господин Трајко Вељаноски.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Дозволете ми на почетокот на сите пратеници од новиот парламентарен состав да им го честитам изборот и да им посакам успешна работа во следните четири години.

Пред две години на истата оваа говорница се обратив со уверување дека патот до подобриот живот и до Европа мора да се изоди, да се

одработи. Дека не постои покус пат и дека нема успеси или чуда преку ноќ, нема пресврти за неколку месеци, но истовремено ветив една работа која во изминатиов период ја исполнивме, многу вложена енергија, работа, труд, посветеност, истрајност, чесност во работата, отчетност, компетентност, добар тим и добра организација и одговорност кон граѓаните на Македонија како единствен пристап за остварување на посакуваните резултати. Тоа и се случуваше. За неполни две години покажавме што значи поинаков пристап во политиката и поинакви политичари. Што носи посветеноста и денонокната работа на Владата. Што значи одговорност и отчетност на луѓето кои ја добија честа да бидат министри и носители на важни државни функции. Покажавме и покрај сите потешкотии и опструкции со кои се соочувавме дека Македонија може да се развива и да бележи позитивни резултати во секој сегмент на општеството, дека може забрзано да чекори кон прогресот и подобрата иднина.

Единствениот начин со кој можеме да го осигураме континуитетот на ваквите процеси и развојот е да продолжиме со преродбата на Македонија, првенствено во економскиот, а потоа и во секој друг аспект на животот. Така ќе обезбедиме повисок стандард и подобар живот за нашите граѓани. Посилни национални и духовни вредности, подобра меѓународна позиција.

Изборните резултати во 2008 година покажаа дека граѓаните ги почувствуваа првите знаци на економската преродба дека знаат да ја ценат работата, чесноста и лојалноста кон државата. Поддршката што ја добивме од граѓаните е мотив повеќе за да продолжиме по патот што го започнавме и да обезбедиме континуитет во реализирањето на зацртаните проекти.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми сега да ја презентирам во кратки црти Програмата за работа на Владата во периодот 2008 - 2012 година. Целосната верзија на Програмата Ви е доставена во писмена форма. Оваа Програма е нашиот најсилен аргумент за ангажманот во следните четири години. Визијата на оваа Програма е напредок на државата и подобар живот на граѓаните. Визија преточена во конкретни проекти со точно утврдени рокови и одговорни институции за нивна имплементација. Програмата за работа на новата Влада е резултат на интензивните консултации со сите заинтересирани страни, вклучително бизнис заедницата, граѓанските асоцијации, синдикатите и стручната и научната јавност. Нејзиното остварување ќе значи продолжување на успешните реформи што ги спроведовме во изминатите две години.

Дозволете ми да ги презентирам стратешките приоритети и клучните цели на кои ќе се посвети Владата во новиот мандат. Петте стратешки приоритети се:

Прво, зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење.

Второ, интеграција на Република Македонија во НАТО и Европската унија врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет.

Трето, продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото.

Четврто, одржување на добри и стабилни меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почит, подеднакво спроведување на законот и довршување на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и

Петто, вложување во образованието како најсигурна инвестиција на нашата иднина на долг рок.

Во следниот период Владата ќе работи на остварување на следните клучни цели содржани во Програмата. Одржување на висок економски раст од најмалку 6% со цел да се подобри животниот стандард на граѓаните и да се намали стапката на невработеност. Зголемување на домашните и странските инвестиции врз основа на подобра бизнис клима. Развој на земјоделието и подобар животен стандард на земјоделците. Развој на економската инфраструктура, вклучително изградба и модернизација на патишта, железнички пруги, модернизација на аеродромите, проширување на енергетските капацитети, воведување на информатичко комуникациски технологии, заштита и унапредување на животната средина со цел да се зголеми конкурентноста и да се поддржи економскиот раст. Подобра перспектива за младите и поголема сигурност за возрасните и пензионерите.

Поквалитетно образование за подобра иднина со големи инвестиции во нови образовни програми кои ги осликуваат потребите на приватниот сектор, информатиката, претприемништвото, странските јазици, етиката и спортот. Промоција на македонскиот јазик и култура и идентитет во светот, висок степен на сигурност и безбедност и решителна борба против корупцијата и криминалот, ефикасно и независно судство и неселективно спроведување на правото. Поздрава нација која ги почитува традиционалните вредности, вклучувајќи ги вредностите на семејството и создавање на потомство. Ефикасна и транспарентна Влада на централно и локално ниво и поквалитетни јавни институции.

Економското закрепнување на Македонија ќе продолжи уште поинтезивно во следните 4 години со просечен пораст на бруто домашнот производ помеѓу 6 и 8%.

Владата ќе продолжи да води одговорна фискална политика со умерен буџетски дефицит од околу 2% на бруто домашниот производ, кој што децифит главно ќе произлезе од капиталните

инвестиции за реализација на значајни инфраструктурни проекти.

Со комбинација на монетарните и фискалните мерки до крајот на 2008 година инфлацијата се надеваме дека ќе се сведе на разумно ниво од околу 6%. Инфлацијата во 2009 - 2012 година ќе работиме да не биде повисока од 4% годишно, помогнати од одржување на стабилен девизен курс на денарот. Владата ќе продолжи да работи на обезбедување подобри услови за домашните и странските инвеститори. Клучната мерка во таа насока ќе биде намалување на социјалните придонеси за една третина во однос на сегашното ниво.

За понатамошното подобрување на бизнис климата ќе имплементираме над 50 нови конкретни мерки, во кои се инкорпорирани најдобите искуства на многу успешни земји и препораките на Светската банка и Европската комисија во сите сегменти на водење на бизнис. Владата ќе продолжи со реализација на втората фаза од Проектот регулаторна гилотина, што ќе обезбеди пониски цени на услугите за добивање лиценци, дозволи, уверенија, намалување на бирократијата, подобра заштита на приватната сопственост. Подобрувањето на вкупниот бизнис амбиент, подразбира и подобрување на вкупната инфраструктура. Тоа значи, завршување на процесот на модернизација на двата аеродрома во Скопје и Охрид. Изградба на трет карго-аеродром во близината на Штип. Модернизација и изградба на патните коридори 8 и 10, како и на железничката мрежа на истите коридори со посебен акцент на поврзување на Република Македонија со Бугарија и со Албанија. Изградба и реконструкција на над 2.000 км регионални и локални патишта во износ од над 120 милиони евра, за што ќе се обезбедат средства од Светската банка и Европската банка за обнова и развој. Изградба на водоводи и канализации во руралните подрачја во износ од 50 милиони евра и други инвестиции.

За намалување на енергетската зависност на Македонија и зголемување на производството на електрична енергија ќе следат интезивни вложувања во нови енергетски објекти. Тоа вклучува модернизација на постојните и изградба на нови енергетски објекти на термо, хидро и гасни централи, како и промовирање на потенцијалите на обновливи извори на енергија.

За таа цел издвоивме буџетски срества, но и ќе го потикнеме учеството на приватните инвеститори. Наш приоритет е зголемување на употребата на природниот гас преку проширување и надграба на гасоводниот систем до фирмите и домаќинстава.

Посебно внимание во следните 4 години ќе посветиме на туризмот со висок развоен потенцијал, кој ќе го поставиме на високо место во економијата.

Последите 4 години ќе продолжиме со политиките на преродба во земјоделието со издвојување на најмалку 460 милиони евра, субвенции за изградба на ефикасен и конкурентен земјоделски сектор. Зголемување на приходите на земјоделците и враќање на животот во руралните средини.

Во програмата прецизно се утврдени мерките за развој на земјоделието. Проширување на активните мерки за вработување, имплементација на стратегијата за демократски развој и ситмулации за проширување на семејството, мерки за достоинствен живот на возрасните, се само дел од предвидените активности на активната социјална политика во 2008 - 2010 година.

Како резултат на остварените заштеди во Буџетот, ќе продолжиме со зголемување на платите и пензиите, согласно ветеното во програмата.

Најзначајниот ресурс во една земја е знаењето што го дава образовниот систем. Согласно зацртаните проекти во Програмата што ви е поделена ќе продолжиме со нивна реализација и ќе ги реализираме новозацртаните.

Грижата за здрвјето на населението е приоритет на новата Влада, која ќе работи на завршување на започнатите проекти во здравстото.

Во таа насока, ќе се воспостави диеџи системот, ќе се инвестира 45 милиони евра за модернизација на јавните здравствени устанви во земјата, 45 милиони евра за нова современа медицинска опрема. Ќе се воведат електронски здравствени картички. Ќе овозможиме поголема достапност на здравствените услуги на сите граѓани преку отворање на амбуланти во руралните средини, како и нови инвестиции во здравството преку потикнување на јавно приватно партнерство. Ќе продолжиме со имплементација на Рамковниот охридски договор, да градиме меѓуетничко општество базирано на меѓусебна почит и толеранција. На надворешно политички план Владата на Република Македонија останува доследна во остварувањето на своите пет основни приоритети членство во НАТО, добивање на датум и започнување со преговори за полноправно членство во Европската унија, укинување на визите за македонските граѓани, надминување на спорот со името кое ни го наметна нашиот јужен сосед и засилување на економската и јавната дипломатија.

Иако на Самитот во Букуреш Република Македонија само заради недемократскиот чин на Грција не ја доби поканата за членство во НАТО тоа воопшто нема да не обесхрабри и да не поколеба, напротив, она што се случи ни дава дополнителен поттик да продолжиме во напорите Република Македонија да стане полноправен член на НАТО алијансата во координација со нашите партнери од меѓународната заедница.

Република Македонија ќе ги продолжи разговорите со Грција за изнаоѓање решение за наметнатот спор со јасно изградени позиции. Во ваквиот процес Владата нема да прифати идеи и предлози што ќе го нарушат македонскиот национален идентитет, македонската нација и македонскиот јазик.

8/3.-

Ние нема да прифатиме промена на Уставот со цел промена на уставното име. Ние нема да дозволиме какво било решение и каков бил компромис за спорто кој го наметна Грција да бидат прифатени од институциите на Република Македонија без претходно за тоа да се изјаснат граѓаните преку референдум и мнозинството од граѓаните кои ќе излезат на тој референдум да се согласи со тоа решение.

Со други зборови ќе работиме и дење и ноќе за да станеме членка на Европска унија и  на НАТО но доколку Грција одлучи со уцените и моќта која ја демонстрираше на долг рок да ни ги затвори вратите кон посакуваната цел ние ќе работиме и на стратегијата за стабилност и сериозен економски и демократски развој на земјата дури и во такви услови.

Утврдувајќи го како приоритет членството во НАТО сојузот Република Македонија стои на определбата и понатаму да работи во интерес на мирот и да ја зајакне улогата на фактот на стабилност на регионот пред се преку интензивна соработка со соседите, а ќе продолжиме во согласност со нашите можности да праќаме своја војска во мировните мисии предводени од НАТО, Европска унија, ООН и на САД и во наредните 4 години САД остануваат наш стратешки партнер.

Владата ќе продолжи интензивно да работи на исполнување на критериумите и реформите за полно правно членство на Република Македонија во Европска унија. Во процесот на Европската интеграција на Република Македонија целосно сме посветени и на добивање на датум за преговори, почнување на преговорите за полноправно членство во Европска унија во наредниот период со тоа што започнуваме и успешно да ги завршиме осумте беџ маркови или приоритети што ни ги зададе неодамна комесарот Оли Рен.

Паралелно со исполнување на осумте зададени репери од Европска унија ние остануваме ангажирани на подготовка на нашите институции за навремена и квалитетна имплементација на инструментот за претпристапна помош ИПА.

Во однос на либерализација на визниот режим како резултат на тоа што ги исполнивме речиси сите предуслови Македонија ги започна финалните преговори за укинување на шенген визите кои очекуваме да завршат до крајот на 2008 година.

Владата ќе продолжи со уште посилно темпо да се справува и со криминалот и корупцијата. Безкомпромисната и неселективна борба против криминалот и нултата толеранција на корупцијата ќе продолжат да бидат знак на препознавање и на работење на оваа Влада.

За таа цел ќе бидат ангажирани сите расположливи потенцијали вклучувајќи ги  Влада, државните институции за борба против корупцијата, граѓанскиот сектор, медиумите итн.

Преку личен пример и јасна политичка волја Владлата ќе продолжи да ги унапредува принципите на транспарентно и одговорно работење согласно меѓународните стандарди.

Во изминатите две години драстично се промени односот кон македонската дијаспора, која претходно беше маргинализирана. Ќе се обидеме да обезбедиме нивно учество во креирањето на политичката реалност на Република Македонија преку активно вклучување во изборнот процес и за тоа ќе направиме максимнални напори, исто како и за обезбедување можност во Изборниот закон помалите етнички заедници да имаат загарантирана квата на пратеничките места.

Почитувани дами и господа,

Денес доставивме една програма која нема да ги реши сите проблеми на граѓаните, но нуди решение за подобро утре кое треба да испише уште една нова страница во нашата историја и да донесе напредок, развој и просперитет.

Оваа програма ќе ја продолжи Преродбата на Република Македонија. Преродбата на духот, преродбата на чувството кон државата, преродвата кон економијата, преродбата во сите свери на општеството. Прогресот на нашата држава и поквалитетниот живот е приоритет околу кој се обединети граѓаните од сите вери и сите етнички заедници. Затоа сите треба а се обединиме во спроведувањето на реформите колку и да ни изгледаат тешки за да обезбедиме просперитет на нашите семејства и подобра иднина за нашите поколенија.

Граѓаните на Република Македонија, Македонците, Албанците, Турците, Власите, Ромите, Србите, Бошњаците и останатите треба да бидат горди на се она што се направи во изминатиот период за една подобра Македонија.

Ова е период кога е потребно да го мотивираме целокупниот интелектуален потенцијал во нашата држава, да се обединиме околу стратешките национални државни интереси и со силна верба и божја помош да продолжиме да чекориме по патот на преродбата на нашата држава.

Од вас почитувани членови на Собранието на Република Македонија како претставници на граѓаните на Република Македонија и како коректив на Владата во голема мера зависи успехот на Република Македонија.

Убеден сум дека со чесен и рационален однос кон работата заеднички ќе ја оправдаме довербата што ни ја дадоа граѓаните на последните избори и ќе го подобриме квалитетот на живот во Република Македонија.

Владата која ја предлагам е комбинација на младоста и искуството. Составена е од врвни професионалци во својата дејност, луѓе со висок личен интегритет и етички стандарди. Но, пред се луѓе со исклучителни човечки вредности кои се подготвени да ја вложат целата своја енергија во просперитетот на оваа држава. Од нив се бара да работат чесно, транспарентно, посветено професионално и одговорно.

Со огромна доверба во членовите на Владата која ја предлгам со голема одлучност во

постигнувањето на успехот го молам Собранието на Република Македонија да го изгласа предложениот состав на Владата на Република Македонија и со тоа да ја продолжиме преродбата на Република Македонија.

Господ да не благослови сите нас и да ја благослови Република Македонија.

Ви благодарам на вниманието.

(Долгротраен аплауз)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Ја прекинувам седницата и молам службите да ги поделат стенографските забелешки со образложението на мандатарот.

Седницата ќе продолжи во 19,00 часот.

(Седницата прекина во 17,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 19,15 часот).

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Отворам претрес.

Согласно утврдениот редослед на пратениците кои ќе учествуваат во претресот давам збор на господин Али Ахмети, повелете.

**Али Ахмети:** Почитуван господине претседател, почитувани присутни,

Денес ќе гласаме владина коалиција меѓу политичките субејкти кои што на последните предвремени парламентарни избори ја добија довербата на нашите граѓани, додека пак ние ви даваме мандат заедничката платформа во идниот четиригодишен период и да ја реализирате.

Морам да кажам дека сите ние сме поминале тежок пат, пат полн со предизвици и неочекувани работи. Како луѓе и совесни политичари успеавме да ги надминме сите предрасуди, сите стереотипи кои што беа насобрани и пред вас денес излегуваме со коалицијата која што ги има сите можности да биде стабилна, успешна, ефикасна и корисна за сите граѓани на Република Македонија.

Коалицијата која што денес ја промовираме и правно ја официјализираме во прв ред ја проследува пораката дека ние заедно го создадовме првиот предуслов за зголемувањето на довербата, разбирањето меѓу етничките заедници во земјата.

Овој момент ја одбележува шансата за создавање на клима на доверба, на внатрешна кохезија, на политичка стабилност и градењето на функционалните иснтитуции.

ДУИ во оваа владина коалиција влегува со определбата на граѓаните да им понуди подобар живот. Во Република Македонија да се почитува и да се култивира духот на почитување меѓу етникумите, меѓу верите, културите и јазиците, затоа што нашата средина е токму таква.

Затоа ДУИ пред оваа одговорност и пред овој факт влегува со посветеност финално да го исполни имплементирањето на Охридскиот Рамковен договор, кое што е и меѓународна обврска на Република Македонија.

Законот за употребата на албанскиот јазик, Закон кој што го изгласа вчера  оваа колиција е повеќе од добар пример за добар почеток, меѓутоа треба да бидеме свесни дека не чекаат уште доста работи кои што треба да ги завршиме.

ДУИ е подготвена да ја преземе одговорноста, дотолку повеќе што ние сме подготвени д аја поделиме одговорноста за сигурност,а безбедноста и иднината на државата, судбината на граѓаните и евроатланската перспектива на Република Македонија.

Во оваа Влада ние влегуваме со силна определба да бидеме дел од бескомпромисната борба против криминалот, против дегенеративните феномени во ова општество.

Ние сме определени за функционирање на правна држава, пат кој што оди рамо до рамо со нашата шанса да се зачлениме колку што е можно побрзо во Северoатланската алијанса.

Добивањето на поканата за НАТО и утврдувањето на датумот за почетокот на разговорите за зачленување на Република Македонија во Европската унија е стратешка определба и тоа не само наша како партија, туку и на ова парламентарно мнозинство и на оваа Влада која што ќе ја гласаме денес.

Македонија има поминато тежок пат во исполнувањето на стандардите, да бидеме конструктивен дел и олеснителен дел и во овие малку чекори кои што ни се останати благодарение на добрите односи што сме успеале да ги изградиме како со Вашинктон так аи со Брисел.

Сите наши сојузници, сите наши пријатели кои што ги имаме, како во седиштето на НАТО, во Европската унија, или пак во Вашинктон ќе побараме од нив да бидат и понатаму наши подржувачи во овие малку чекори кои што останаа, меѓутоа се разбира не се и лесни.

ДУИ цени дека добрите односи со соседите  се и толку значајни за европатланската перспектива на нашата земја. Примерот на добрата соработка и одличните односи со Тирана, ратификувањето на Договорот за симнувањето на визите да ги пренесеме и да ги култивираме и со другите соседи.

Се разбира сите овие величенствени цели, сета оваа правилна определба за да биде и реалност бара и силна подршка која што е наречена стабилна економија и поволна бизнис клима.

ДУИ, нашата екипа во новата Влада влегува со определбата и посветеноста дека величествените стратешки цели ќе се исполнат полесно тогаш кога нашите предизборни ветувања ќе ги претвориме во конкретни проекти за современа економија, за атрактивни услови и клима за привлекување на странските инвестиции и пред се сигурен и стабилен пазар.

Станувајќи дел од гаранцијата за целосна безбедност на капиталот на домашните и странските инвеститори ние сме оптимисти дека периодот што следи ќе бележи и зголемување на

стандардот на граѓаните, отворање на нови работни места, намалување на сиромаштијата, со еден збор подобар живот на граѓаните.

Ја изразувам оваа верба затоа што ДУИ и идната Влада на Република Македонија покрај полната легитимност од страна на граѓаните ја имаат и посветеноста и ориентацијата нашата земја да ја направат напредна, безбедна за следните генерации и многу брзо интегрирана во НАТО и во Европската унија.

И на крај господине Груевски ви посакувам многу успех и подобра иднина за сите нас. Благодарам.

(Аплауз)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редоследот следен за збор е господин Влатко Ѓорчевм повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам претседателе, почитуван мандатар, почитувани кандидати за минисри, почитувани пратеници, колешки и колеги, почитувани гости,

Оваа вечер, на 26 јули 2008 година сме собрани да ја дадеме довербата или недовербата на Владата на Република Македонија.

Довербата значи подршка, довербата значи верба, довербата значи исполнети ветувања, довербата значи надеж за подобро утре, довербата значи дела и конкретни работи со резултати.

Недовербата која што во Македонија ја видовме во повеќе циклуси, недовербата која што ја видовме 1994 година, 1990 година, 1998 година, 2002 и 2006 година во 2008 година е заменета со доверба, затоа што таа недоверба и остави на Македонија 17 години транзиција, 17 години проследени со тешкотии, 17 години бесперспективност и дневни проблеми на илјадници наши граѓани и убедливото мнозинство од семејства и индивидуи во оваа држава.

Дали треба да бидеме задоволни од она што во моментот го имаме, од она што во моментот е резултат, затоа што на 1 јуни народот плебисцитарно ја подржа оваа Влада и оваа гарнитура. Одговорот е можеме да бидеме делумно задоволни, затоа што некои работи ги почнавме и ги завршивме во претходните две години, некои работи ги почнавме и треба да ги довршиме заеднички како луѓе кои што сме одговорни и некои работи допрва треба да ги почнеме.

Значи, во Македонија сеуште се живее тешко, во Македонија сеуште има предизвици, во Македонија имаме реалност која што вели дека имаме просечна плата која што е 15000 денари, околу 260 евра. Таа реалност значи дека имаме и огромен број на луѓе кои што имаат плати од 180, 200, 210, 220 евра, дека имаме луѓе кои што тешко си ги плаќаат сметките, кои што тешко врзуваат крај со крај. Дека имаме патишта кои што допрва треба да се реконструираат, медицинска апаратура која што треба да се обнови и да не ги набројуваме сите области кои беа претходно кажани.

Но, како претпрашање на двете главни прашања се поставува следното, а тоа е дали одиме во вистинска насока или во погрешна насока.

После 17 години талкање во транзицијата нашата држава, Република Македонија оди во вистинска насока. Надежта е на повидок, резултатите се остваруваат и програмите се спроведуваат.

Двете клучни прашања се следниве во делот на изборот на оваа Влада.

Дали оваа Влада може да направи да биде подобро. Моето мислење е дека може и поради делата до сега и поради програмата и поради роковите кои што се поставени.

Второ, дали во моментот Македонија има подобра или поподготвена гарнитура? Нема, затоа што тоа беше препознато на 1 јуни, затоа што тоа го гледаме денес, затоа што местото на демократијата е тука, во законодавниот дом, а не во повторната доверба на луѓето кои што десетици пати преку еден вработен на секое семејство ја прокоцкале довербата на македонските граѓани.

Значи, уште еднаш ќе повторам, оваа Влада може да направи да биде подобро, не да ги реши сите проблеми.

Второ, оваа Влада е најдобрата алтернатива која што ја има Република Македонија пресметана и проверена преку мерливи резултати.

Кога одевме во текот на месец мај и по сонце и по дожд и во 2006 година исто така, ког аодевме по селата, по градовите, по маалата во многу места луѓето велеа “со вас сме - ве поддржуваме, терајте, добро сте фатиле”. Даваа и по некој совет, за нешто не прекоруваа, нема збор коректни се забелешките, но убедливото мнозинство, огромен број од луѓето велеа добро е, фино терате и подржете го Никола. Велеа гласајте за Никола, крепете го, гледаме што прави, гледаме како ја тера работата. Одговорот беше ајсен, ќе го кажам и од оваа говорница - да и јас како пратеник и моите колеги и сите ние ќе гласаме за Никола Груевски да биде претседател на Владата на Република Македонија, затоа што го заслужува тоа и затоа што она што треба да се направи во Република Македонија во наредните 4 години сметаме дека тоа ќе го направи на најдобар можен начин.

Ќе гласам затоа што добар дел, или можеби најголем дел од луѓето кои што се тука,на овие љиљакови столици ги познавам навистина со години, со долги години и имам полна доверба во нив, затоа што знам дека не се среброжупци, дека не се хедонисти, дека не се луѓе кои што националните ид ржавните интереси би ги продале за пет пофалби и три жолтици, четири алтани и два сребреници, затоа што знам дека се луѓе кои што си стојат на зборот, затоа што знам дека се луѓе кои што можеби нема да го решат секој проблем, но нема да му наштетат на човек, ниту пак ќе го ветат невозможното.

Знам дека во Македонија ќе продолжиме да имаме странски инвестиции затоа што тука е

човекот кој што донесе неколку такви. Багерите работат, камионите гледаме дека копаат, тој процес ќе продолжи.

Ќе гласам затоа што исто така тука имаме кандидат за министер кој што во овие две години имаше полни раце работа и имаме трет мобилен оператор, имаме мостови, патишта, инвестиции, работи со кои што можеме да се гордееме.

Затоа што имаме човек кој што го знае образованието до детал, кој што е посветен, со кој што многу пати сме се слушнале, кој што не се сменува поради функцијата која што ја добил.

Затоа што имаме човек кој што ќе се бори за правата на Ромите, популација и групација во Република Македонија која што е целосно маргинализирано.

Затоа што имаме посветен министер за надворешни работи кој што ги брани интересите на Република Македонија подеднакво промовирајќи ги европоизмот и македонизмот.

Затоа што финансиите се во сигурни раце, затоа што даноците се наплаќаат онака како што треба, затоа што културата функционираше извонредно во овие две години, ќе продолжи и понатаму. Сел од тие проекти, замисли, идеи и визии ги имаме гледано и исто така и таму се гради, но и се подржува и живата култура.

Затоа што евроинтеграциите остануваат приоритет на оваа Влада и се она што треба Европа да го направи и да го помогне за Република Македонија и Република Македонија да го спроведе.

Влада која што значи импулзивен концепт, подадена рака и стекната доверба врз основа на резултати.

Затоа што знам дека одбраната на Република Македонија и сигурноста на татковината ќе биде во сигурни раце.

Затоа што македонските полицајци се чувствуваат гордо, затоа што криминалците се тие кои што во моментот се обеспокоени и затоа што имаме коалиција која што извонредно функционира преку дела и преку она што можеме секој ден да го видиме и да го почувствуваме.

Затоа што во земјоделието имаме многу работи кои што се спроведоа. Разликите се очигледни, но просторот е краток, времето е кратко, уште минута и 15 секунди, а многу има да се набројува.

Затоа што судството постепено се средува, работите одат побрзо и се приближуваме кон Европа.

Информатиката исто така ја спроведуваме, се извинувам на сите кои што поради времето не можам да ги спомнам.

Во сите ресори треба да напредуваме брзо затоа што многу заостануваме, многу треба да сториме.

Остануваат нашите приоритети кон Европската унија и НАТО, останува стратешкото сојузништво со САД.

Оваа Влада значи едно ново помирување. Оваа Влада значи една нова страница, оваа Влада значи стабилност за Македонија.

Се чувствувам почестено, но исто така се чувствувам и така скромно затоа што можам да ги подржам сите овие проекти, затоа што мислам дека сме на вистинскиот пат со сите мани, со сите грешки, затоа што спроведуваме работи кои што се од корист на Република Македонија, на македонските граѓани и на македонскиот народ и сите кои што се во оваа држава.

На крајот им посакувам се најдобро, навиваме за вас, нека ве води божјата промисла, останете на принципите и доблестите. Се надевам дека подобрите денови за Македонија допрва доаѓаат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господин Александар Николоски, повелете.

**Алексндар Николоски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани кандидати за членови на Владата на Република Македонија, ваши екселенции,

Денес тука треба да ја артикулираме волјата на една огромна бројка на граѓани на Република Македонија кои што на изборите на 1 јуни излегоа и кажаа кој сакаат да ги води во наредните 4 години.

Излегоа и покажаа каде сакаат да се движи Република Македонија, кој е патот по кој што треба да се движи Република Македонија и кои се насоките.

Ова е Влада која што ќе ја има доминантната подршка на сите граѓани во Република Македонија. Влада која што ќе има подршка на Македонците, на Албанците, на Турците, на Власите, на Србите, на Ромите и на Бошњаците, на сите оние со кои што секојдневно ја делиме заедничката судбина.

Ова е Влада која што во наредниот период ќе треба да одговори на неколку вонредно значајни домашни и меѓународни предизвици. Пред се ќе треба да одговори на подобрувањето на условите за живот и подобрувањето на економијата. Ќе треба да одговори во однос на сигурноста на граѓаните, борбата против корупцијата, владеењето на право.

Ќе треба уште посилно да се зафати со реформите, со состојбите во земјоделието, здравството и образованието. Ќе треба уште повеќе да работи на рвноправноста и еднаквоста на сите граѓани во Република Македонија и пред се ќе треба да е воздржана и скромна, какви што се граѓаните на Република Македонија.

Во наредниот период ќе треба да го нарпавиме она што го започнавме во изминатите две години, но кое што за жал во значајни моменти токму тука, во Собранието на Република Македонија беше стопирано од ситни политички игри и интереси што на крајот не само што не вродија со резултат и со плод, туку напротив доведоа до ситуација да мораме да одиме на предвремени избори на кои

што повторно ја побаравме волјата, повторно побаравме да се изрази волјата на граѓаните на Република Македонија.

Оваа Влада ќе мора силно да продолжи да работи на реформите во економијата, ќе мора силно да продолжи да работи на реформата на јавната адиминистрација што ќе треба да е уште поотворена и уште подостапна за граѓаните на Република Македонија поради тоа што администрацијата е таа што им служи на граѓаните, а не обратно. Ќе треба уште повеќе да работи на донесување што повеќе странски инвеститори што ќе треба да го забрзаат економскиот раст во државата, но исто така да овозможи поволна бизнис клима за сите оние домашни инвеститори кои сакаат да инвестираат. И, што е најбитно од се ќе треба да работат на квалитетно образование што ќе ги направи македонските граѓани компетитивни на пазарот на трудот, што ќе ги направи самоодржливи, да бидат одговорни пред себе и да ја градат Република Македонија на најдобар начин.

Но ќе треба да продолжи уште посилно во спроведувањето на правото и во воведувањето уште посилно на принципот на владеење на правото, заради тоа што уште од идеите на либерализмотот од 18-от и 19-от век, тоа е најдбриот начин како функционира една држава. Поради тоа што правилата се потребни, но правилата се потребни да ги почитуваат сите, правилата се потребни поради тоа што на тој начин се уредува начинот на живот, но правилата се потребни и пради тоа што треба сите да одговараме пред нив, без разлика на која политикчка структура припаѓаме.

Исто так, многу позначајно ќе треба да работиме на реформи во здравството за да овозможиме што повеќе македонски граѓани да можат да добијат добра здравствена заштита, да можат да добијат и добра социјална заштита што ќе им овозможи пристојни услова за живот.

Да продолжиме да работиме во земјоделието, каде направивме многу во изминатиот преиод, но треба да направиме уште повеќе поради тоа што македонските земјоделци се скромни и сакаат само да добијат добри услови за работа и еднаков пристап на пазарот и да покажат што можат и како можат. Тука е вонредно значајно што државата уште повеќер ќе продолжи да ги поддржува во годините што доаѓаат.

Тоа што е вонредно значајно и за што мораме да поразговараме и да погледнеме на вистината во очи е дека, за жал и покрај сето она што го правиме дома и покрај значајните реформи што се случија и што ќе се случуваат во годините што доаѓаат, на Југ, за жал, во најмала рака немаме пријател. Односно имаме држава што е најмногу веројатно дека ќе продолжи практиката што ја практикуваше до сега, политика што не значи добрососедски односи, политика што не значи подршка на соседот, да не велам политика што не значи и промоција на соседот, што е нормална во сите делови на Европа.

Мора да сме свесни за тоа и мора да работиме за нас самите. Мора реформите во економијата да ги правиме за граѓаните да живеат подобро и да имаат повисока плата. Мора реформите во администрацијата да ги правиме уште посилно и подобро за да е подостапна за сите нас. Мора реформите во Полицијата и во Армијата да ги правиме пред се зради нашата сигурност. Мора реформите во судството да го правием пред се за да можат македонските граѓани да имаат рамноправен третман пред судовите.

Заради тоа што кога ќе се изгради нов автопат, што ќе се изгради од парите што ние ги плаќаме како даноци, ќе го користиме ние. Кога ќе се изгради нова болница, ќе ја користине ние. И дури и утре да ги завршиме нашите евроатлански стремежи и да станеме член на НАТО и на Европската унија мораме да продолжиме да работиме за нас самите, заради тоа што ова е нашата единствена држава, нашата држава што заеднички ја градиме и држава во која што ќе продолжиме да живееме и во годините што доаѓаат. Така што стандардите реформите и барањата, пред се треба да ги насочиме кон себе.

И на крајот би сакал да позборувам за она што беше одлика на Владата во изминатиот период но која што треба да е одлика во годините што доаѓаат уште повеќе, а тоа скромноста и воздржаноста. Бевме такви и ние како пратеници и членовите на Владата и треба уште повеќе да продолжиме да бидеме такви. Заради тоа што во моментов имаме подршка како никогаш. Ова е една од Владите ако не и Влада со убедливо најголемо мнозинство воопшто во историјата на демократска Македонија. Но, колку сме побројни во Парламентот, толку повеќе треба да сме спремни за да го прифатиме и да го разгледаме туѓото мислење. Колку повеќе правиме успеси, толку повеќе треба да сме спремни да ги согледаме и грешките и да ги решаваме нашите грешки.

И уште повеќе, колку повеќе имаме подршка од граѓаните толку повеќе треба да сме скромни, воздржани и поблиски до нив заради тоа што тоа е единствениот пат да продолжиме да ги слушаме. Се спротивно од тоа, ќе не одведе во ситуација да водиме политика што ни одговара нам, но не и на граѓаните, да водиме политика за која што мислиме ние дека е добра, но не граѓаните и уште повеќе, ќе не одведе во ситуација во која што нема да сме политичари туку нешто друго. Заради тоа што политиката само поради една работа е празлична професија од сите други и уште повеќе е професија позначајна од сите други. Заради тоа што во политиката ве бираат за да им служите на оние кои што ве избрале. Но, исто така очекуваат да сте како нив и да останете со нив.

Бевме такви во овие две години и очекувам да останеме такви во наредните 4 години, скромни работливи и воздржани, да продолжиме да ја градиме Македонија за сите нас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според редоследот, следен за збор е господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Почитуван претседателе, почитувани присутни,

Мислам дека ова е една Влада на политичко единство, економско единство и национално единство на сите граѓани на Република Македонија како резултат на предвремени парламентарни избори 2008 година. Со самиот изборен резултат граѓаните на Република Македонија уште еднаш ја дадоа нивната доверба на двете поголеми партии во Република Македонија, на ВМРО-ДПМНЕ со нејзините партнери и на ДУИ, со голема надеж дека ова владина коалиција ќе го положи испитот на политичка зрелост социоекономска во однос на политиката стабилност на земјата, што ќе биде промотор за отварањето на инвестициските рамки во Република Македонија во разни области од секојдневниот живот на нашите граѓани: како што е порастот на животниот стандард на секој граѓанин во Република Македонија во областа на образованието, во областа на јавната администрација и државната, што беше императив, пораст со над 10 % на личните приходи во овие спомнати области и ви идните две години.

Врз основа на експозето на мандатарот, господинот Никола Груевски слушнавме многу ветувања кои ќе се реализираат во наредниот четиригодишен мандат 2008-2012, инвестициии во индустријата во земјоделието, во енергетиката и во други области со што сигурно овие ветувања ше се реализираат со самата стручност на кабинетот на Владата со отѐтност и взаемна доверба. Само на овој начин мислам дека ќе имаме вистински разулати.

Економската политика на Владата на Република Македонија веруваме дека ќе биде еднаква на целата територија на Република Македонија со што ќе ја оправдаме нивната работа и дадените ветувањата. На овој начин ќе се отстранат евидентните диспаритети создадени како разултат на исклучителната политика која беше карактеристика на минатото.

Земјоделската политика претставува еден извореден вистинки сегмент за земјоделството и и земјоделието во целина со што се отворија надежи и патеки за една стручна дејност на тие кои сакаат да се занимаваат со оваа професија. И сето ова се реализира со разни инвестиции.

И врз структурната политика верувам дека ќе биде рамноправна и еднаква на целата територија, со што ќе ги убедиме и нашите граѓани кои им припаѓаат на другите национални заедници дека ова Влада е рамноправна и еднаква за сите граѓани кои живеат во Република Македонија.

Предложените министри од ДУИ се стручњаци и професионалци, докажани во нивната стручна област, со што се и подготвени со посветеност да ја реализираат предизборната програма на ДУИ ов секоја област на секојдневниот живот во ова идна владина коалиција.

И на крајот верувам дека во оваа владина коалиција се отвараат надежи за една иднина и сигурност поголема за нашите граѓани, со иператив набрзо прашањата кои беа пречка, до сега, заедно да ги надминеме иститe и да го отвориме нашиот пат што побрзо да пристапиме во НАТО и во големото европско семејство.

Господ нека ни е на помош, и Господ нерка го благослови народот. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редоследот следен збор е господин Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван премиере, почитувани кадидати за министри во новата Влада на Република Македонија, почитувани колеги,

Пред да преминам да го елаборирам она што го чувме во краткот, но содржајно, експозе на премиерот и она што како интегрален текст на Програмата за активностите на Владата во периодот 2008 до 2012 година го добивме како материјал за оваа парламентарна дебата, би сакал на самиот почеток да подвлечам една многу битна работа.

Изборот на една Влада не е техничка работа. Тоа е несекојдневен настан, со посебна политичка тежина дотолку повеќе што се избира екипата што ќе управува со државните работи во наредниот мандатен период. Тоа е многу сериозна работа и лично очекував дека опозицијата ќе го прифати повикот на претседателот на Собранието и дека ќе ја збогати расправата по ова прашање со своите размислувања од она што е презентирано како Програма на оваа Влада, меѓутоа тие одбраа да ја бојкотираат седницата што е нивно легитимно право, меѓутоа ќе беше добро денес да присуствуваат на оваа седница.

Инаку, би сакал да истакнам дека Програмата за работа на Владата во периодот од 2008 до 2012 година е доста амбициозна, но е и реално остварлива, дотолку повеќе што за неа има висок степен на усогласеност помеѓу коалиционите партнери. Постои стабилно, јас би рекол двотретинско парламентарно мнозинство кшто е неопходно за да имаме стабилна Влада, го имаме и таканаречено Бадинтеровото мнозинство, со што Владата се здобива со висок капацитет и легитимитет да ги спроведува реформите во сите сфери на општественото живеење.

Она што по мене е не помалку важно од стабилното парламентарно мнозинство, тоа е што Програмата содржи јасно дефинирани стратешки приоритети за преиодот од 2008 до 2012 година, а тоа се: зголемување на економскиот раст и конкуренцијата, полниправно членство во НАТО и Европската унија врз основа на остварувањето на потребните реформи и критериуми, ефикасна борба против организираниот криминал и

корупцијата, одржување на стабилни меѓуетнички односи преку доследно спроведување на одредбите од Рамковниот договор од Охрид, а по мене и принципот на правичност и соодветна застапеност како и инвестирање во образованието како “кондицие син екванон” на моќна и стабилна држава.

Се разбира дека Програмата на Владата понатаму подетално ги дефинира, односно елаборира овие стратешки приоритети со прецизно дефинирање на задачите и точно утврдени рокови за реализација.

Мислам дека позитивните трендови во економијата кои почнаа во претходниот мандатен период, преку смалување на даночните стапки, воведувањето на рамниот данок и ослободувањето на реинвестираната добивка од оданочување, ќе продолжи и во овој мандатен период, дотолку повеќе што ќе бидат поттикнати со нови мерки како што се намалување на стапките на придонесите за социјалното, здравственото и пензинското осигурување за цели 10% поени со што ќе се растерети економијата и ќе се потикне побрза економски раст.

Со тоа ќе се подобри и бизнис климата со низа мерки како што се поедноставивање на процедурите при отворањето на фирми, создавање на мега база на податоци, електронски регистар за лица на кои им е утврдена мерка забрана за вршење на дејност, ќе има полесен пристап до кредитите, подобрени услови за тргување, подобрување на правната заштита на инвеститорите подеднакво и странските и домашните инвеститори, правна заштита и на малцинските акционери итн.

Во услови на ефикасен парламент вакви мерки ќе имаат краткорочен ефект, меѓутоа долгорочно ќе се постават солидни основи за поинтезинвен економски раст, за намалување на невработеноста и зголемување на животниот стандард на граѓаните.

Се разбира дека ваквите мерки и подобрувањето на бизнис климата директно ќе влјијае на привлекување на директни странски инвестиции и реализација на амбициозниот план на Владата, кумулативен прилив на странски директни инвестиции до 2012 година да изнесува околу две милијрди евра и јас сум убеден дека тоа ќе се реализира во овој мандатен период.

Се разбира дека овој амбициозен план подразбира утврдување на целни сектори и нормално продолжување со маркетинг-активностите. Тука имаме и министри задолжени за привлекување на странски инвестиции, но веројатно поинтензивно ќе се продолжи и со капамњата “Инвест Македонија”, утврдување на стратегија за генерирање на инвестициите, па се до ангажирање на економски промотори за да се привлечат директни странски инвестиции.

Посебни би сакал да истакнам дека ваквиот планиран пораст на економијата не е можен доколку не се продолжи со инвестирање во инфраструктурата, со изградба на развиена патна мрежа, урбанизација на просторот, современа железничка мрежа, модернизирање на аеродромите, модернизирање на електронските коминукации и итн.

Во тој контекст Програмата предвидува инвестирање во овие сектори, јасно дефинирани проекти и прецизни рокови за нивна реализација. Посебно место во Програмата за побрз економски развој се дава на секторот енергетика. Имајќи ги предвид проблемите во енергетскиот сектор што ги имаме не само ние, туку и ви рамките на регионот во целина, предвидени се и значајни проекти во енергетскта сфера како што се зајакнување на преносниот електроенергетски систем, гасификациајта, изградбата на големи и мали хидроцентрали по пат на концесии, отворање нови руднички капацитети, изградба на комбинирана електрана-топлана Железара-Скопје, модернизација на капацитете во ТЕ Неготино и итн.

Посебен приоритет на Владата во периодот 2008-2012 година е земјоделието преку финансиска подршка на земјоделците во вид на субвенции, поволни кредити преку земјоделскиот кредитен фонд и други кредити, се разбира, продолжување со политиката на доделување на обработливо земјоделско земјиште, директни мерки за подршка и подобрување на приходите во земјоделието, подобрување на пласманот, откупот и извозот на земјоделските производи се до интегрирана политика на рурален развој што како заокружена целина ќе придонесе да се зголеми инвестирањето во земјоделието.

Ваквите политики надопонети со натамошни реформи во судството, полицијата, здравството, социјалната сфера, подобрувањето на статусот на пензионерите, на социјално загрозените лица, на лица со посебни потреби, унапредувањето на човековите права и слободи, преку измени во легислативата и капитални инвестиции во казнено-поправните установи каде состојбите не се добри, натамошната борба против организираниот криминал и корупцијата, сигурен сум дека ќе не приближат до полноправно членство во Европска унија, бидејќи еден од стратешките приоритети на оваа Влада е полноправно членство во НАТО и во Европска унија.

Оваа прилика не би сакал посебно да зборувам за образованието. Тоа е стратешки приоритет на Владата. Впрочем сите досега преземени мерки во таа сфера, од типот на задолжително средно образование, компјутеризацијата, проширувањето на мрежата на високо образовните институции, директните мерки за поттикнување на квалитетните високо образовни кадри и тн., се аргумент повеќе за значењето што Владата му го придава на образованието како еден од битните елементи за севкупниот општествен развој.

Она што на крај би сакал посебно да истакнам е фактот дека Собранието дефинитивно почна ефикасно да работи. Изгласувањето на новиот Деловник дефинитивно воспостави јасни правила

и строго прецизирана процедура, што неминовно ќе ја зголеми ефикасноста на Собранието, што веќе се гледа по бројот на изгласаните закони.

Од друга страна донесувањето на законот за правата на заедниците кои сочинуваат помалку од 20% од населението и Агенцијата за правата на помалите етнички заедници, регулирањето на употребата на јазиците на заедниците и промените во изборното законодавство со кој ќе се обезбеди ефективно учество на малцинските заедници во Законодавната власт, дефинитивно ќе се заопкружи еден проект кој веќе е начнат во претходниот мандатен период, јас верувам дека ќе се заокружи во наредниот период.

Токму од овие причини, на премиерот и на Владата во целина им посакувам плодна и успешна работа. Ќе ја имаат поддршка на турската заедница во Република Македонија, доколку повеќе што имаме обврска и она као личните односи со Република Турција да ги издигнеме на повисоко ниво. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според редоследот следен за збор е господин **Авдија Пепиќ:** Почитуван претседателе, почитуван премиер, претставници на Владата на Република Македонија, почитувани претставници на дипломатскиот кор, почитувани дамни и господа, почитувани колеги пратејници,

Денес во Собранието на Република Македонија се случува свечен и демократски чин, избор на Влада на Република Македонија.

Голема чест и задоволство ми причинува можноста да ви се обратам како претседател на политичката партија Странка на демократска акција на Македонија, автентична политичка партија која се грижи за интересите на бошњаците во Република Македонија,како пратеник на коалицијата за Подобра Македонија предводена од најголемата македонска политичка партија ВМРО ДПМНЕ и како пратеник на бошњаците во Република Македонија.

Целта на моето обраќање е јасна - поддршка на Владата на Република Македонија.

Постојат повеќе причини поради ваквиот мој став, но сметам дека во оваа прилика е доволно да нагласам три моменти:

Првиот момент е дека имам голема доверба во предлагачот за состав на Влада на Република Македонија, мандаторот господинот Никола Груевски, дека во овој момент понудил најквалитетно можно решение.

Доволен е фактот дека во предлог составот се повеќе актуелни министри кои и во изминатите две години успешно ги водеа своите ресори и практично покажаа дека Македонија може да се менува на подобро, во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Учеството на ДУИ во Владата на Република Македонија, со искрен респект и почит кон останатите политички партии на Албанците во Република Македонија, за мене претставува посебен квалитет кој треба најмногу да се манифестира при реализацијата на една од владините програмски задачи, а тоа е одржување на добри меѓуетнички односи и соживот, врз принципите на меѓусебна толеранција и почит, што е еден од основните услови за изградба на стабилно мултиетничко општество во Република Македонија, нормално, заедно со претставниците на другите етнички заедници и Македонскиот народ.

Вториот момент кој би сакал да го потенциран врзан е исто така за еден од приоритетите на Владата, а тоа е висока ставка на вработеноста.

Како директор на Агенцијата за поддршка на претприемаштвото во Република Македонија, директно учествувавме во реализација на два владини проекти за самовработување, со изработка на одржливи бизнис планови, таканаречен Проект со грант и кредитната линија. Во текот на 2007 и 2008 година низ овие проекти беа вработени повеќе од 2.500 лица. Ваков сериозен одговорен и конкретен приод на Владата за решавање на еден од клучните проблеми на нашата држава е исто така една од најдобрите препораки на Предлогот за состав на Владата.

На крај, почитувани пратеници, дозволете ми дас го пренесам чувството на бошњаците во овој момент.

Никогаш до сега, од осамостојувањето на Република Македонија, бошњаците не се чувствувале толку рамноправно со останатите граѓани на Република Македонија и никогаш толку бошњаците не ја почувствувале Република Македонија како своја држава. Бошњаците својата перспектива и перспективата на своите деца ја гледаат во рамките на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според редоследот следен за збор е господин Петар Поп Арсов, повелее.

**Петар Поп Арсов:** Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, почитуван премиер, министри, во сегашната Влада и во идната Влада на Република Македонија, почитувани претставници на дипломатскиот хор, почитувани колеги пратеници,

Оваа вечер ние ја бираме новата Влада на Република Македонија, Влада која е избрана на првите парламентарни избори и оваа вечер ние го затвараме оној процес кој го почнавме во април месец кога претходниот парламентарен состав ја донесе онаа одлука за распуштање на претходното Собрание, Одлука која беше неминовна и која што, поради политичките состојби во Република Македонија во тој период се наметна како една неопходност и еве денес имаме една разрешница за од утре новата Влада да стартува со својата работа и да го продолжи одот и континуитетот со досегашната Влада на Република Македонија.

Го слушнавмем премиерот со неговото експозе. Ја имаме програмата. Го имаме и персоналниот состав на владиниот кабинет.

Јас во ова мое излагање не би сакал да правам детални анализи на програмата, на персоналниот состав. Знаеме дека ВМРО ДПМНЕ како носител на коалицијата за подобра Македонија во повеќе наврати и во предизборниот период ја презентираше својата програма.

Можам да констатирам дека оваа Владина програма претставува еден спој, една компилација и на таа програма, меѓутоа има свое влијание и програмата и политичкото дејствување на нашите коалициони партнери.

За да очекуваме што ќе се случи во иднина односно во наредниот четири годишен период, би требало ние да погледнеме, барем неколку години на назад за да знаеме што се случуваше во тие години, пред се мислам на петходните две години на владеење на оваа гарнитура, со цел по патот на аналогија да извлечеме заклучок што ќе ни се случува во наредните 4 години. Оваа Влада ја гледам како Влада на континуитет, Влада која што доби своја потврда во 2008 година односно на изборите на 1 јуни, Влада која беше избрана во 2006 година, Влада која доби поддршка на граѓаните и за прв пат во Република Македонија се случи една Влада да добие последователно два циклуси.

Програмата, како што реков, е мошне богата и верувам дека сите оние проекти кои се поместени во неа ќе бидат исполнети, иако, како што вели премиерот да исполниме се што можеме да исполниме во најголем случај. Меѓутоа, јас верувам дека сите проекти ќе бидат исполнети. Меѓутоа, поучени од искуството на претходната Влада, верувам дека и бројни проекти кои не се поместени во оваа програма, кои во од ќе се појават, сметам дека истиот тој дел од проекти ќе биде исполнет.

Мене ми е жал што вечерва не се тука нашите колеги од СДСМ. Тие се во една длабока криза и посакувам што поскоро да излезат, затоа што на Република Македонија и е потребна една силна опозиција, силна опозиција која ќе даде свој придонес во демократските процеси во Република Македонија. Меѓутоа, би сакал да кажам едно свое мислење во врска со одредени нивни ставови и стратегија која ја заземаат во нивното делување, која што и досега ја користеа, а мислам дека и понатаму ќе ја користат. Имено, се што правеше претходната Влада тие го дочекуваа на нож и велеа дека е плод на силна пропаганда, маркетинг, тоа се илузии кои немаат никаква реалност.

За мене не е никаква илузија доколку една Влада воведе рамен данок односно ги намали даноците, а после тоа да имаме зголемене наплата на тие даноци и да имаме зголемен прилив во Буџетот на Република Македонија. За мене не е никаква илузија кога имаме отворање на бројни факултети во разни градови во Република Македонија. Не е никаква илузија кога имаме компјутеризација во училиштата. Не е илузија кога имаме големи зубвенции врз земјоделието, кога имаме изградба на спортски сали, кога имаме силна борба против корупцијата и организираниот криминал која борба ја доведе Република Македонија за 20 и неколку места понапред на таа светска ранг листа, не е илузија кога имаме изградба во инфраструктурни објекти, странски инвестиции, не е илузија кога имаме воведување на трет мобилен оператор што беше нешто конкретно што оваа Влада го направи.

Верувам дека и нема да биде  илузија она што е зазцртано во програмата, а тоа е, јас ќе издвојам еден мој фаворит, проект кој е зацртан во оваа програма, а тоа е намалување на придонесите за работниците. Значи во наредните неколку денови континуирано ќе бидат намалени придонесите со што ќе се направат многу подобри услови за работење и на компаниите, многу подобри услови работодавците да отвораат нови работни места, да инвестираат во нови работни места, а и работниците ќе имаат поголема можност да дојдат до тие работни места. Мислам дека нема да биде илузија новиот план на Владата, субвенциите во земјоделието до 2012 година да достгинат 460 милиони евра, како што не е ни илузија вчера што го донесоме законот со кој, уште неформирана оваа Влада почна да функционира и веќе сите оние семејства кои планираат, кои можат да имаат трето и четврто дете, ќе бидат поддржани од Владата на Република Македонија, во регионите каде ферталитетот е испод 2,1%.

На крајот, би сакал да кажам што е карактеристично за оваа Влада и што е нејзин најголем белег.

Оваа Влада е Влада која и понатаму ќе работи, која суштински ја европеизира Република Македонија. Европскиот дух, Европскиот стандард, европската култура, треба во Република Македонија да бидат составен дел на сите граѓани. И само со работење во делот на економскиот раст, во делот на инфраструктурата, во образованието, во здравството, само на тој начин Република Македонија ќе го достигне европското ниво.

Верувам дека Република Македонија, во моментот кога ќе стане членка на Европска унија, тоа ќе биде само едно формално зачленување, а граѓанитер на Република Македонија ќе ги уживаат истите благодети како што ги уживаат и европските граѓани.

Пред оваа Влада претстои една тешка задача. Меѓутоа, јас верувам дека оваа Влада успешно ќе се справи со таа задача и токму овие партии кои влегуваат во оваа коалиција се најповиканите да го сторат тоа, а тоа е подобрување на меѓуетничките односи. Подобрувањето на меѓуетничките односи треба да стане една реалност која реалност благопријатно ќе влијае на севкупниот економски развој на Република Македонија, тие тензии ќе треба да паднат, се со цел бизнисмените и Македонци, Албанци, Турци

Роми, Срби, Бошњаци, Власи, да не се гледаат низ призмата на националната припадност, туку да се гледаат низ призмата на бизнисот.

Оваа Влада е Влада која ќе го продолжи континуитетот на враќање на вербата на граѓаните на Република Македонија, враќање на оптимизмот. Веќе во Република Македонија не се гледа со песимизам. Во Република Македонија политиките се следат со еден позитивен тренд, се оценуваат со една позитивна оценка и сметам дека оваа Влада успешно ќе чекори во тој правец.

Сметам дека персоналниот состав што е понуден е сосема во ред. Јас имам доверба во премиерот, имам доверба и во досегашните министри. Верувам дека и новите министри ќе одговорат на повикот на функцијата. Верувам во нивните капацитети, интелектуални и можноста да дадат свој придонес.

Меѓутоа, на крајот ќе ни дозволите една мала шега. Не сум сигурен единствено дали се во добра физичка кондиција да го издржат пеколното темпо што се наметнува со работењето на оваа Влада.

Ви посакувам успех за доброто на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според редоследот следен за збор е господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседателе.

Почитуван премиер, почитувани господа министри, почитувани колеги пратеници,

Навистина е чест за вас и за вашите сесмејства што меѓу нив ќе го имаат премиерот, ќе ги имаат идните министри. Истовремено е чест и почист да ја претставуваш својата земја, да ги претставуваш своите граѓани. Истовремено е чест и почит да владееш со земјата. Истовремено за сите нас е одговорност која е голема, одговорност поставена пред нас и пред вас. Го велам ова затоа што да владееш со земјата тоа не значи дека е посебен луксуз, туку напротив тоа е голема одговорност. Го велам ова затоа што ние ги добивме гласовите од оние кои ја дадоа нивната доверба за нас. Поддршката што ни ја дадоа граѓаните на последните предвремени парламентарни избори е доста голема и не случајно овој владин кабинет ќе има поддршка од над 2/3 од пратениците во овој парламентарен состав.

Ретки се владите кои имаат ваква поддршка.

Почитуван премиер, во нашите услови и во околностите во кои ние работиме во ова Собрание, кога опозицијата е надвор од Собранието, сите ние кои ја добивме довербата од нашите граѓани треба одвреме навреме да сметате на тоа дека ние ќе го дигнеме гласот на критикувањето, би рекол, и тоа критикувањето кон работата на министрите кои ние денес ќе ги гласаме. Го велам тоа затоа што сите ние треба да сметаме на тоа дека по една година или пак четири години, сепак треба да излеземе пред галсачите кои ни ја дадоа довербата.

Јас и парламентарната група на Демократската унија за интеграција истовремено имаме голема доверба во овој состав на министри, имаме голема доверба во тоа што го кажа господинот премиер во своето експозе, затоа што нашата земја или пак сите нас не очекуваат големи предизвици во иднината. Го велам ова затоа што не чекаат евроинтеграциите, не чекаат или пак не чека доста работа внатре во земјата, работа на исполнување на стандардите кои што било да е тоа Европската унија или пак НАТО ги бараат од нас и тоа ги бараат не затоа што им требаат нив кои што веќе ги имаат тие стандарди одамна, туку ги бараат од нас за нашите граѓани да имаат подобар и посреќен живот. Затоа, јас сум длабоко убеден дека ова Собрание, овој владин состав има луѓе кои се одговорни, има луѓе кои се професионално подготвени и кои што го добиле гласот од граѓанинот. Јас сум длабоко убеден дека сите ние ќе излеземе со светол образ пред нашите граѓани на крајот од овој мандат. Затоа, ви посакувам успех и среќна работа. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен според редоследот е госпоѓа Косана Николиќ Мазнева, повелете.

**Косана Николиќ Мазнева:** Почитуван претседателе на Собранието на Република Македонија, почитуван господине Никола Груевски, почитувани кандидати за министри, почитувани колеги пратеници,

Во оваа прилика ќе ми дозволите да дадам само еден краток осврт на она што е сработено од страна на Владата на Република Македонија, исто така и она што е сработено од страна на Парламентот односно Собранието на Република Македонија во делот на законите од областа на животната средина.

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата претставуваат еден од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија на кој треба да се заснова дел од социјалниот и економскиот развој на државата. Оттука, одржливиот развој претставува единствена опција што во своето делување треба да го применуваат сите органи на власта во Република Македонија. Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата беше област во која се постигнаа значајни резултати во изминатиот период. Особено би сакала да го истакнам донесувањето на повеќе закони во оваа област. Имено, за прв пат во Република Македонија се донесе Закон кој го регулира управувањето со генетските модифицирани организми со кои всушност се воспостави рамка за безбедно користење на производи кои содржат генетски модифицирани организми. Законот дава насоки за определување на подрачјата во Република Македонија во кои што нема да може да се произведуваат или одгледуваат производи со генетски модифицирани организми. На овој начин се воспостави платформа за промовирање на

Република Македонија како одговорна држава во која заштитата на природното богатство го има подигнато на посебен исклучително важен пиедестал. Со донесувањето на Законот за заштитата од бучаво во животната средина се воспостави систем за контрола на бучавата, која во научната јавност се смета како еден од најприкриените предизвикувачи на болестите на современиот човек. Согласно политиката на децентрализација, примената на овој закон во голема мера се доверува на општините во Република Македонија на кои им се дава рамка на широко и на целосно делување.

Секако, како најголем напредок е донесувањето на Законот за водите. Да напоменам дека овој закон повеќе од пет години се дебатираше за само едно прашање, како да се воспостави инатегриран систем за управување со водите согласно рамковната директива за води од Европската унија. Така што, Владата и Парламентот успеаја да донесат одлука за тоа и да се донесе овој закон, што беше високо поздравено од институциите на Европската унија.

Почитувани,

Покрај донесувањето на овие закони во изминатиот период се донесоа измени на четири закони во кои се изврши доусогласување со директивите на Европската унија и се имплементираше примената на Законот за прекршоци, а тоа се Законот за животна средина, Законот за управување со отпад, Законот за заштита на природата и Законот за управување со квалитетот на воздухот. Покрај ова беа донесени повеќе од 50 подзаконски акти кои произлегоа од овие закони.

Почитувани,

Дозволете ми накратко да се осврнам на управувањето со отпадот како една од приоритетните области во животната средина. Со измените на законот се воведоа казни на физички лица кои непрописно го фрлаат отпадот по улиците. Со ова успеавме да ја подобриме состојбата што секојдневно ја гледавме на нашите улици каде има расфрлано отпад на сите страни. Како поддршка на примена на овие одредби започнавме со спроведување на кампањата Чисти улици за сите, која има за цел да ја подигне јавната свест на граѓаните за нивната индивидуална одговорност при постапувањето со отпадот. Воедно, Владата на Република Македонија во март 2008 година основаше координативен комитет за управување со отпад со цел интензивирање и координирање на активностите во оваа област. Воедно ја донесовме Стратегијата за управување со отпад за наредните 12 години која ни дава рамка за понатамошно имплементирање на мерките во оваа област. Во завршна фаза исто така е и планот за управување со отпад кој треба да се донесе кон крајот на оваа година.

Ова што сметам дека е исклучително важно да се напомене е дека покрај постоењето на законската рамка од 2004 година за прв пат започнавме да го регулираме нелегалното постапување со отпад преку издавање на дозволи за селектирање, рециклирање, складирање и трговија со отпад. Со ова Владата започна да ја надминува состојба во Република Македонија која постоеше неколку години station наназад каде неконтролирано и без исполнување на условите за заштитата на животната средина секој можеше да постапува со отпад. Да ве потсетам само на состојбата со крадењето на метални производи со цел нивно продавање како отпад, што беше многу успешно решено минатата година. Досега издадени се повеќе од 150 дозволи за постапување со отпад, со што е регулиран повеќе од 80% од пазарот на оваа област.

Во завршна фаза е изработката на националниот план за управување со медицински отпад со студија за изводливост. Донесувањето на Законот за постапување со отпад од електрична и електронска опрема, како и Законот за постапување со отпад од пакување се едни од приоритетите кои ќе се реализираат во наредниот период како дел од активностите кои што се насочени кон усогласувањето на законодавството со она на Европската унија.

Во областа на климатските промени исто така е склучен договор за финансиска поддршка за 2008 година со Министерство за животна средина на Италија кое има за цел поддршка на македонски компании со цел спроведување на проекти во согласност со механизмот за чист развој според Кјото протоколот на конвенцијата за климатски промени. Во изминатиот период значајни активности се презедоа и во областа на заштитата на природата. Се донесе закон со кој се репрогласуваат старите и се прогласуваат нови заштитени подрачја, како што беше случајот за Националниот парк Пелистер, Куклица и во постапка за изработка се правни акти за прогласување на заштитеното подрачје на пештерата Слатински извори, Алшар и многу други. Завршена е студијата за биодебризитетот на Моноспитовското блато во рамките на проектот Развивање на еко рурален туризам во општина Босилово. Идентификувани и валиризирани се природните вредности на Осогово за да се определат нови заштитени подрачја и завршен е извештајот на социоекономското истражување. Започнаа активностите на ревалоризација на природните вредности за строгиот природен резерват Езерани. Сите овие документи се насочени кон обезбедување на услови за развој на еколошкиот туризам. Во меѓународни рамки убедена сум дека ќе продолжиме со соработката со Република Албанија за заедничко управување со Охридското Езеро и соработка со Грција и Албанија за управување со Преспанското Езеро. Ќе се продолжи со поддршка на активностите за подобрување на состојбата со Дојранското Езеро која што во 2007 година беше ставено на светската листа на заштитени подрачја. Во наредниот период ќе се изработи стратегија за заштита на природата, за што Владата веќе донесе и одлука за нејзина изработка.

Натамошните активности ќе бидат посветени кон промовирање на Република Македонија како земја која изобилува со природно богатство и ќе се преземат активности насочени кон овозможување на услови за развивање на еколошкиот туризам. Дел од тие активности е и донесување на критериуми за доделување на еколошка ознака за туристичко сместување, кои во моментот се во тек на јавна расправа.

Покрај управувањето со отпадот, во наредниот период фокусот ќе биде ставен на преземање мерки за имплементирање на Законот за водите, донесување на стратегијата за води што еден од приоритетите кои ќе започнат веднаш да се спроведуваат. Целта на стратегијата ќе биде да се даде долгорочна рамка за делување со која ќе се обезбеди рационално користење на водата како природен ресурс. Изработката на физибилити студија за изградба на пречистителните станици за третман на отпадните води во Прилеп е во завршна фаза и преку инструментот ИПА ќе се обезбедат средства за изградба на оваа пречистителна станица со која ќе се обезбеди целосна заштита на водите во овој регион. За регионот на Скопје во подготовка е изработка на студија за изводливост за изградба на пречистителна станица за третман на отпадните води во Скопје, преку кои ќе се обезбеди систем за пречистување на водите за речиси 1/3 од населението во Република Македонија.

Областа на животната средина бара големи инвестиции, согласно што се пристапи кон изработката на националната стратегија за инвестиции во животната средина која треба да биде донесена кон крајот на оваа година. Соработката со стопанскиот сектор со цел исполнување на стандардите за заштита на животната средина се смета како еден од столбовите преку кој може да се обезбеди најефикасна заштита на животната средина.

Почитувани,

На крајот би сакала да заклучам дека заштитата и унапредувањето на животната средина, а исто така и природата е исклучително значајна област во која Владата на Република Македонија и сите ние заедно ќе делуваме во наредниот период. Со ова не само што ќе се обезбедат поздрави и подобри услови за живеење на граѓаните на Република Македонија, туку ќе можеме успешно да ја промовираме Република Македонија за меѓународен план како одговорен и меѓународен субјект кој презема активности што се во насока на заштитата на животната средина.

Почитуван господине Никола Груевски, почитувани кандидати за министри од се срце Ви посакувам многу успех и Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редоследот следен за збро е господин Илија Димоски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван претседател на Собранието, почитуван претседател на Владата на Република Македонија, почитувани кандидати за министри,

Ми претставува особена чест што ја имам можноста денеска на денот кога ќе ја бираме новата македонска влада да се обратам пред пратениците во Собранието на Република Македонија и да ги кажам моите размислувања во однос на точката на дневниот ред.

Демократијата е процес што е посакувана во сите нормални држави, демократијата е процес која што е потребна за функционирање нормално модерно општество, меѓутоа во демократијата постојат правила. Во демократијата постои мандат, во демократијата постои легитимитет. Во демократијата мора да има правила за да може да функционира. Суверенитетот во демократијата го носат граѓаните во Република Македонија и суверенитетот во нашата демократија го даваат граѓаните на Република Македонија. Легитимноста да се управува со државата, да се управува со институциите во државата повторно го даваат единствено граѓаните во Република Македонија. Легитимитетот не го даваат ниту политичките партии, легитимитетот не го даваат ниту етничките заедници, легитимитетот исклучиво го даваат граѓаните на Република Македонија. Меѓутоа, тие даваат легитимитет за ефикасна работа, тие даваат легитимитет за полезна работа, тие даваат легитимитет врз база на сопствените интереси, интересите за подобар и поздрав живот во Република Македонија. Се различно сватено од ова ќе не доведе во дискусии кои што бескрајно ќе будат дилеми, ќе не доведе до дискусии кои што нема да бидат во ниту една насока полезни за граѓаните во Република Македонија. Конечно, сите политички партии во Република Македонија мора да ги прифатат овие факти, мора да ги прифатат овие принципи. Тоа се факти кои што ги диктира демократијата и тоа се факти врз кои што почиваат модерните западни општества. Политичките партии се начин на функционирање на демократијата, меѓутоа политичките партии не се тие кои што го даваат легитимитетот. Затоа, јас би сакал да изразам огромно жалење за неприсуството на дел од политичките партии кои што се застапени со пратеници во Собранието на Република Македонија на една ваква седница, седница на која што бираме влада која што ќе управува со Република Македонија во наредните 4 години.

Исто така, би сакал да потенцирам неколку принципи врз кои што треба да се соработува од страна на Собранието во однос со Владата воа Република Македонија. Собранието на Република Македонија во овој месец дена за среќе и на пратениците, меѓутоа пред се и на граѓаните на Република Македонија донесе нов Деловник, Деловник кој што наиде на огромни критики од страна на опозиционите партии, но Деловник со кој што за прв пат се утврдуваат прецизни односи помеѓу Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија. Можеме да чуеме од поранешни високи функционери на

опозиционите партии кои што не ги штедат своите сопствени зборови за пофалба на новиот Деловник како ефикасен начин за работа на Собранието. Ние имаме желба да имаме ефикасно Собрание, ние имаме желба да имаме економично Собрание, имаме желба да имаме Собрание кое што ќе дава полезна работа. Меѓутоа, во исто време потенцираме дека немаме намера да дозволиме повторно да ни се случува блокада во работата на Собранието на Република Македонија. Со огромна жал во минатата година и пол имавме можност да видиме како злоупотребувајќи ги правилата на демократијата, колегите од Социјал демократскиот сојуз успеаја да закочат повеќе од 150 закони, закони кои што гарантираа реформи и закони кои што гарантираа побрз развој во Република Македонија. За среќа имавме можност во овој месец да го надопониме она што беше изоставено во минатата година и пол и практично од денешниот ден да започнеме со една состојба што ќе значи тргање од чисти позиции. Завршени се сите обврски, завршени се сите заостанати работи од претходниот мандатен период, продолжуваме понатаму во насока на уште поефикасна и уште поплодотворна работа.

Јас би сакал уште еднаш да потенцирам дека никој не ја избрка опозицијата од Македонскиот парламент, дека опозицијата само одлучи да излезе од Македонскиот парламент. Јас уште еднаш би сакал да изразам лично жалење по однос на таа тема и се надевам дека конечно ќе сватат дека демократијата се остварува во Парламентот.

Она што претстои во наредниот период се неколку работи кои што мораа да бидат уште посилно и уште поефикасно завршени.

Прво, економскиот развој, мора да се продолжи и да се интензивира темпото на странски, но и пред се домашни директни инвестиции. Во насока на отворање на нови работни места, но и во насока на подобрување на примањата кои што ги имаат нашите граѓани, било да работат во државниот сектор, било да работат во приватниот сектор или да ги оствaрувaат социјалните примања во насока на пензии, во насока на социјални права кои што ги имаат граѓаните на Република Македонија.

Ова парламентарно мнозинство и оваа Влада мора да гарантира политичка стабилност, работа во која што јас не се сомневам од аспект на воспоставената коалиција која што стои зад оваа Влада и со политичкиот партнер ДУИ, меѓутоа и внатре во рамките на коалицијата “За подобра Македонија” која што претставува коалиција која што ги претставува интересите на скоро сите етнички заедници во Република Македонија.

Врвен приоритет за новата Влада мора да биде зачленувањето во НАТО, зачленувањето во Европската унија, меѓутоа и зачувување на уставното име и зачувување на националниот идентитет на македонскиот народ.

Приоритет мора да бидат меѓуетничките и меѓурелигиските односи врз база на традициите и врз база на историјата која што ја носиме сите со нас. На ова парче тло во оваа земја се живеело со богатство од етникуми, од различни вероисповести и во последните 17 години, и во последните 50 години, и во последните неколку века. Традицијата која што ја носиме сите со нас е исклучиво позитивна, не смееме да дозволиме новите времиња да ги поматат традициите кои што ги носиме сите со нас.

Приоритет на новата Влада мора да продолжат да бидат реформите во судскиот систем и тоа уште повеќе и уште поинтезивно, приоритет на новата Влада мора да биде борбата против корупцијата и тоа уште повеќе и уште посилно, приоритет на новата Влада мора да биде инвестиции во инфраструктурата, како од јавни инвестиции, така и од приватни инвестиции. Приоритети на новата Влада мора да бидат активности насочени кој секоја локална средина во Република Македонија поединечно, врз база на планови и програми за развој на секоја локална средина во Република Македонија.

Конечно приоритет на новата Влада мора да биде да го задржи темпото на работа, а тоа значи постојано да работи, да работи и да работи. Благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според редоследот на ред е господинот Амди Бајрам, повелете.

**Амди Бајрам:** Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници и дипломати од дипломатскиот кор, почитувани кандидати и министри во Владата на Република Македонија, почитуван мандатар и кандидат за премиер во Владата на Република Македонија, господине Никола Груевски.

Чест ми е во име на Сојузот на Ромите, како најголем политички субјект на ромската заедница во Македонија и во името на ромската заедница од Република Македонија, да го поздравам изборот на новата Влада на Република Македонија и да им посакам успешна работа минимум во наредните 4 години. Сојузот на Ромите како активен партнер на Коалицијата “За подобра Македонија” во последните 2 години ја подржуваше Владата на Република Македонија, на чело со најуспешниот премиер во поновата историја на Македонија, господинот Никола Груевски. Сојузот на Ромите, како еден од поголемите партнери на ВМРО-ДПМНЕ даваше огромен придонес во креирањето на политиките насочени кон ромската заедница и резултат од таквата политика е огромниот напредок кој беше постигнат во делот на исполнувањето на акционите планови на Декадата на Ромите.

Во наредниот период Сојузот на Ромите како дел од владеачкото мнозинство, ќе ја подржува оваа Влада, бидејќи верува дека единствниот излез од тешката положба на ромската заедница е можен само со ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот претседател и премиер господиниот Никола Груевски.

Сојузот на Ромите, како најголеми двигател на напредокот на ромската заедница активно ќе

учествува не само во Собранието на Република Македонија, туку и во извршната власт и преку своите високо едуцирани кадри ќе помогне за побрза и ефективна интеграција на ромската заедница во системот на државата и ќе го вратиме достоинството на ромската задница на местото кое што го заслужува.

Сојузот на Ромите ја покажа својата моќ во текот на парламентарните избори, каде што сите Роми во Република Македонија јасно ја подржаа политиката на Сојузот на Ромите и ВМРО-ДПМНЕ.

Јас посебно и сите Роми во Република Македонија, посебно имаме чест и благодарност сакаме да дадеме до ВМРО-ДПМНЕ, а посебно до претседателот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ господинот Никола Груевски, кој за прв пат во Република Македонија нас сите Роми не убеди пет политички партии и Сојузот на Ромите, тоа се шест политички партии, кои учествувавме на парламентарните избори во Република Македонија и кои дадовме голем придонес заедно за Република Македонија за сегашната наша Влада која ќе ја бираме вечерва сите шест политички партии придонесовме доста во Република Македонија од нашите Роми во Република Македонија со право на глас 100% од Ромите што постојат, 80% го дадоа сигурно својот придонес за денешната Влада која ќе ја бираме овде и најискрено со нашиот премиер кој ќе го бираме денеска и оваа Влада и овие министри веруваа, затоа што две години во Република Македонија ние бевме партнери Сојузот на Ромите во оваа Влада, доста се помогна за Ромите и денешниот ден го кажува тоа меѓу вас сите кандидати што сте како министри, за прв пат во Република Македонија се избира министер во Владата на Република Македонија од ромската националност. Со ова, сакаме да кажеме ние сите во Република Македонија дека се заблагодаруваме затоа што 63 пратеници направивме овие 20 политички партии и плус ни се придружи и Фијат Цаноски и неговата партија, 64. Посебно сакам да им се заблагодарам за нашата голема широка коалиција на најголемата албанска партија на ДУИ со 18 пратеници што вкупно сочинуваме 82 пратеника. Со тоа мислам дека оваа наша Влада ќе работи како што треба, ќе и дадме доверба како што треба, но нормално, опозиција си е опозиција, нормално, секој има право кога губи да се лути, но по кратко време ќе помине месец, два, три и тие ќе влезат тука, па нормално ќе работиме. Демократија е демократија. Со тоа сакам да и честитам на новата Влада што вечерва ќе ја избереме во име на сите Роми во Република Македонија, во име на сите шест ромски политички партии, господ нека не благослови и ви пожелувам успешна работа.

**Трајко Вељаноски:** Му благодарам на господиниот Амди Бајрам.

Според редоследот на ред за збор е господиниот Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Почитуван господине Груевски, почитувани кандидати за министри, колеги пратеници.

Во годините зад нас Македонија малку повеќе тагуваше, отколку што беше среќна. Некогаш бевме потиштени, но знаевме да се радуваме на успесите. Бевме онеправдани, но продолживме да веруваме во правдата. Бевме осиромашени, измамени, но никогаш не престанавме да се надеваме дека ќе живееме подобро. Последното во најпотполна мера дојде до израз на последните парламентарни избори кога нацијата застана зад своите политички водачи, кои започнаа да ја осигуруваат нејзинта среќа, успех и подобар живот.

Во таа смисла, на прашањето зошто ќе гласам за новата Влада, мојот одговор е следен: Ќе гласам поради новите министри, бидејќи верувам дека во изминатите 20 месеци беа моторот кој ја реализираше програмата на ВМРО-ДПМНЕ во културата, во образованието, во локалната самоуправа и во односите со јавноста.

Ќе гласам и затоа што нивнот предложување е најсилната потврда дека принципот на позитивна селекција, ќе продолжи да биде главаната особина на тимот кој го води Груевски.

Ќе гласам за новата Влада затоа што и премиерот и минстирте не отстапија од идеалот на македонската политичка десница за натамошен развој за односите на татковината со САД и за наше зачленување во НАТО и Европската унија.

Ќе гласам за новата Влада затоа што како репрезент на волјата на сите етнички заедници, верувам дека ќе има сила да го осигури квалитетот на меѓуетничките односи и разбирањето за сите и за се, што е придобивка на македонската демократија.

Ќе гласам затоа што сум уверен дека јакнењето на кохерентноста на нацијата внатре и осигурувањето на стабилноста на Македонија надвор е почетокот и крајот на секој политички потег на Владата.

Ќе гласам и затоа што знам со колкава енергија очекување и посветеност се работеше на македонската НАТО агенда од страна на министерот за надворешни работи и останатите министри.

Ќе гласам и поради силината на снимката на телевизиските екрани од пистата на Аеродромот “Александар Велики”, на која што македонскиот државен врв заминува за Букурешт на НАТО самитот, а на која забележавме како нашите политички водачи, скришно држејќи ги бројаниците веруваа во правдата и во успехот на Македонија, но ќе гласам и поради содржината на огромниот број СМС-пораки кој ги добивавме за време на разговорите и после нивниот неправичен исход, резултат на блоката на Република Грција.

Третиот корпус причини зошто ќе гласам за новата Влада се старите министри. Ќе гласам за искреноста и едноставноста на министерот за

транспорт и врски. За одмереноста и знаењето на министерот за финансии, за искуството на министерот за правда, посветеноста на министрите задолжени за странски инвестиции и за информатичко општество. За принципиелноста, непосредноста и човечноста на минстерката за внатрешни работи, за професионалноста и силната мотивираност на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања. Ќе гласам и затоа што спомнатите личности, независно од обврските и тежината на министерската задача која со успех ја извршуваа, не ги променија броевите на своите мобилни телефони, уште од старите опозициски времиња, а пристапот кон своите партиски колеги и другите луѓе им остана ист: скромен, срдечен и пријателски.

Конечно, ќе гласам и поради успесите на минатите министри, кои успешно работеа во сферата за која беа избрани во изминатите 20 месеци.

Почитувани колеги пратеници, драги пријатели,

Последниот корупс причини зошто ќе ја подржам новата Влада се сосредоточува со делото на премиерот, значењето на ВМРО-ДПМНЕ и големината на Македонија. Ќе гласам за искреноста и човечноста на Никола Груевски. Ќе гласам и затоа што знае да простува и затоа што силно верува во Бога. Затоа што имаше сила да истрае во своите намери и да ни ја пренесе таа енергија на нас кои сме дел од оваа генерација членови на ВМРО-ДПМНЕ, симпатизери и подржувачи на Владата и партијата. Ќе гласам и поради силната доверба од граѓаните која ја ужива Никола Груевски, признанијата на светските лидери, но и поради потврдата на Оксфорд аналитика, дека е најуспешниот лидер на ВМРО од 1893 година до денес.

Ќе гласам за намалените даноци, за музејот на ВМРО, за новите универзитети, ќе гласам за веронауката, за бесплатниот интернет, за стипендирањето на моите колеги асистенти, за спортските сали, за несебичната помош на МПЦ и за другите верски заедници, за становите за младите брачни парови, за зголемените плати и пензии, за намалените лекови за граѓаните, решавањето на прашањето на стечајците. Ќе гласам за, затоа што граѓаните чии интереси ги претставувам, веруваат дека премиерот ќе продолжи да го подржува квалитетот кај своите соработници, ќе ги опоменува ако се возгордеат, ќе ги охрабрува и ќе им помага кога ќе им биде тешко, а искрено ќе се радува со нив на секој нивен успех.

Конечно, ќе гласам и поради нашата татковина Македонија, затоа што спомнатите личности се едни од подобрите. Затоа што ќе работат многу повеќе и многу подобро од сите претходни. Затоа што ќе се соживуваат со проблемите на својот народ, бидејќи се дел од него и затоа што ќе направат се, да го остварат сонот на своите претци, да живееме во стабилна и економски развиена држава, членка на Европската унија и на НАТО.

И на крајот, верувајќи во успехот на нашата татковина Македонија, ве поздравувам во името на нашите избирачи, посакувајќи Бог да ве укрепува, да ве заштитува и да ви дава сила во работата и во животот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господин Борислав Стојменов, повелете.

**Борислав Стојменов:** Почитуван претседателе, почитувани екселенции, почитувани пратеници, дами и господа.

Денес е свечен ден за Република Македонија. Денес ние бираме Влада, луѓе кои ќе ја водат Република Македонија во просперитет во наредните 4 години. Јас така пристапувам на денешниот ден. Денес исто така е историски миг за Република Македонија, затоа што прв пат во самостојна Македонија се случи една програма една Влада, програма прво поднесена од ВМРО-ДПМНЕ да добие плебисцитарно мнозинство од сите граѓани на Република Македонија. Денеска сме сведоци за една Влада и една програма која ја подржуваат над 70% од граѓаните на Република Македонија. Јас како претставник на граѓаните на Република Македонија, ако почнам да ги коментирам тие нивни одлуки, тогаш ќе ги ревитализирам нивните гласови. Јас мора да ги послушам и да кажам само да ја избереме оваа Влада и да и посакаме успех во наредниот период. Оваа владина програма, кога реков дека е верифицирана од сите граѓани на Република Македонија во неа има конкретна надеж и конкретни мерки за секој сегмент од животот на граѓаните на Република Македонија и од областа на економијата, до културата и до надворешната политика и афирмација на македонската држава на надворешен план. Таа верифицирана програма од страна на граѓаните на Република Македонија не е случајна. Некој можеби сакаше да каже дека таа е направена заради некоја пропаганда. Напротив, таа програма прифатена скоро од сите граѓани на Република Македонија е последица на огромниот успех и резултати кои ги постигна досегашната Влада во последните две години. И тоа успеси и на економски план и на социјален план, на борба против сиромаштијата со жестока борба против митото и корупцијата и во стабилноста и афирмацијата на македонската држава. Затоа јас сум длабоко убеден дека оваа Влада ќе опстои на имплементација на оваа плебисцитарна програма, дека таа уште пожестоко ќе продолжи со битката против митото и корупцијата, дека ќе продолжи со исправката на одредени неправди кои се направија во Република Македонија со приватизацијата на општествениот и државен капитал, дека ќе продолжи со институцијата потекло на имотот, дека Македонија ќе исправи некои историски неправди и во верба дека сигурно Македонија ќе ја внесе во НАТО и во Европската унија, јас ќе

гласам за Владата на Република Македонија на чело со Никола Груевски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господин Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван мандатар, господине Никола Груевски, почитувани кандидати за министри.

Во изминатиот период Република Македонија во целина постигна огромни резултати. Сите влади имаат заслуга за степенот на нашиот севкупен развој. Оваа Влада во последните две години, наметна силно темпо на работа, спроведе бројни реформи и сигурно дека има огромни резултати.

Меѓутоа, Република Македонија во наредниот период ќе се соочува со огромни предизвици, затоа мислам дека нема да биде лесно да се биде член на Владата на Република Македонија, ушре потешко ќе биде да се води таа Влада.

Република Македонија станува се постабилна. Во Република Македонија проблемите кои што произлегуваа од меѓуетничките тензии се побрзо се разрешуваат, преку дијалог, преку разговори, преку решенија кои што не се на штета на нашите национални и државни интереси, туку решенија кои што ќе придонесат Република Македонија да се движи напред.

Стабилноста на државата, владеењето на правото, правната сигурност се битни во Република Македонија да започне позабрзан економски развој, да се создадат можности за инвестирање како на странски така и на домашни компании.

Јас се залагам за тоа да продолжат реформите во судскиот систем, затоа што сеуште има големи критики оправдани, дека овој систем мора многу побргу да го реформираме. Во оваа насока би предложил Владата да размисли дали е можно да се направи обнова, кадровска обнова во судскиот систем, со тоа што ќе се овозможи на судиите со 55 години старост да заминат во пензија и тоа целосна пензија, и да се даде можност на малди кадри кои што се отпорни на политички влијанија да работат во оваа многу важна институција во судската власт.

Исто така, ги подржувам мерките за да имаме многу помала но добро платена и високо професионална и стручна администрација.

Оваа Влада треба во наредните 4 години да направи систем со цел младите, креативните, стручните кадри да имаат шанса да работат во администрацијата и администрацијата да се претвори во сервис на граѓаните. Да се направи само една анализа, колку време е потребно за да се регистрира едно патничко возило. Колку време треба да изгуби граѓанинот за едно право што го плаќа за да го оствари. Мислам дека тука треба многу повеќе реформи и тука треба да се направи се, оние кои што се непродуктивни кадри, непрофесионални, оние партиски кадри кои незаслужено влегуваа изминатите 17 години во администрацијата, треба од нив полека да се ослободуваме.

Сум за тоа да се направи се. Ако не можеме да ги почувствуваме резултатите толку брзо во економијата, тие резултати може да се почувствуваат во промена на односот на јавната администрација. Граѓаните не смееме понатаму да дозволиме да се виткаат пред службениците на шалтерите. Тоа може Владата многу брзо да го направи и се она што е направено досега, води кон тоа да имаме многу подобра, поефикасна, постручна, администрација која што ќе води сметка за интересите на граѓаните.

Економскиот развој на Република Македонија е многу битен. Граѓаните очекуваат брзи резултати, но знаеме дека многу тешко можеме да постигнеме такви резултати што ќе допрат до секој граѓанин. Но, програмата на Владата во овој дел, посветеноста на претседателот на Владата, на министрите веќе ги даваат очекуваните резултати, посебно во земјоделието и во други области.

Република Македонија може да се соочи со тешка енергетска криза, до колку брзо не се дејствува на овој план, до колку не започнеме со изградба на нови енергетски капацитети, до колку не побараме алтернативни извори на енергија, но исто така до колку не изградиме систем, традиција на штедење на енергијата.

Република Македонија има извонредни огромни шумски богатства, треба да ги чуваме шумите, треба да ја заштитиме нашата вода, треба да напрвием се селото да биде пристојно место за живеење на граѓаните.

Во Република Македонија постои општ политички но и граѓански консензус за влез во НАТО и во Европската унија. Граѓаните во изминатите десетина години, од многу работи се откажаа се со цел многу побрзо да се движиме напред, да ги постигнеме стандардите за влез во Европската унија и во НАТО.

Независно од тоа што се случуваше во Букурешт, Република Македонија треба и натаму да партиципира во меѓународните мисии, мировни мисии, треба да партиципира во мисиите предводени од НАТО, треба и натаму да ги подигаме стандардите бидејќи на тој начин обезбедуваме повисоки стандарди и подобри услови за развој на Република Македонија и за развој и подобар живот на граѓаните.

Сигурно дека има многу области, каде што имаше многу реформи, многу резултати еве да го напомнам само образованието каде што мислам дека се постигнати крупни резултати. За мене е многу битно младите генерации да се стекнуваат со широки знаења. Само на тој начин ќе можат многу брзо да се специјализираат, многу брзо да постигнуваат врвни резултати во науката, во технологијата во производството.

Сигурно дека има многу прашања за кои може да се зборува, за кое што зборуваше и кандидатот за претседател на Валдата.

Јас сакам да укажам дека Република Македонија не може да оди напред ако не изгради заокружен и ефикасен систем за борба против корупцијата и криминалот. Криминалот не смее да биде вредносна категорија. Криминалот е зло со кое треба да се справиме. Организираниот криминал разорно дејствува во нашата држава, и затоа целосно ги подржувам активностите на овој план кои што Владата ги презеде во изминатите две години.

Ако продолжиме на овој начин, но и ако изградиме ефикасен систем, затоа што тој вака како што е поставен не ни дава за право дека можеме да имаме ефектна борба против организираниот криминал и корупцијата. Има застој во одредени сегменти, во одредени институции што можат да ја девалвираат целокупната борба, целокупната определба на Владата и на голем број државни институции.

Затоа како претставник на граѓаните, како пратеник од редовите на Демократскиот сојуз се залагам за целосна имплементација на проектот за декримилизација.

Посакувам на новата Влада, многу успеси, многу работа, многу реформи и се разбира многу резултати. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Сакам да ве информирам со оглед на редоследот што го имам добиено дека има уште тројца говорници пријавено за збор.

Истовремено седницата ја прекинувам и со седницата ќе продолжиме во 21,20 часот.

(Пауза од 21,05 часот)

(по паузата седницата продолжи во 21,53 часот )

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Според редоследот за збор е пријавена госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Почитуван претседателе на Парламентот, почитуван премиере, почитувани министри, почитувани кандидати за министри, почитувани колеги пратеници. Голем поздрав до сите и нека ни е честит денот.

Изборот на Влада е секогаш значаен политички настан и јас искрено жалам што опозицијата не е присутна во салава за овие дискусии и расправа за изборот на нова Влада да ги вршиме заедно. Ќе бев се разбира посреќна тоа да го правевме во присуство на опозицијата онака како што личи. Верувам дека сите го споделуваме тоа чувство. Се надевам дека колегите од опозицијата ќе најдат причина и начин да се вратат во работата во Собранието за да имаме поквалитетни расправи низ соочување на ставовите што секако ќе резултира и со поквалитетни закони.

На Република Македонија и треба здрава атмосфера во Парламентот во кој секој избран пратеник ќе работи според својата совест во постојан контакт со граѓаните што го избрале да биде народен пратеник што сметам дека е голема чест. Истовремено секој од нас треба да ги почитува правилата на демократската игра во Парламентот независно дали е дел од владеачкото мнозинство или е дел од опозицијата. Од секое место може да се одработи за својата земја. Гревота е да се пропушти таа можност. Гревота е да не сакаш да ја одиграш својата улога во опозицијата и наместо да ги застапуваш ставовите на оние што те избрале, да создаваш политичка криза, особено во време кога се случуваат важни работи за Македонија како што е во случајов целава оваа година нашата борба за меѓународна афирмација на македонската држава, на македонскиот идентитет и нашите процеси за евро и НАТО интергирање. Искрено се надевам дека во иднина сите ќе се однесуваме според сериозноста на моментот.

Почитувани, во име на ДОМ ќе ја поддржам Владата поради неколку причини, пред се поради програмата што е понудена, понатаму поради кадрите што се предлагаат да застанат за нејзина реализација и трето што не е за занемарување поради резулатите што Владата на Никола Груевски ги даде во изминатите две години.

Што се однесува до програмските определби кои што се ветуваат преку предлог програмата за мене са важни најмногу 5 точки.

Прво, продолжува трендот на заложба за економски развој и за борба со корупцијата и организираниот криминал. И на двете овие полиња знаеме дека беа веќе покажани многу конкретни високи резултати кои што беа забележани и од меѓународната јавност, а секако ги осетивме и ние во земјата.

Втора причина поради којашто ќе ја поддржам оваа Влада е тоа што во приоритетите ги вброи екологијата и туризмот кои се истовремено приоритети и на ДОМ, како партија која ја негува зелената опција.

За последниве две години навистина се направи многу за туризмот. Тука посебно се заложи лично премиерот и потпретседателот на Владата господинот Ставрески секако во соработка и со сите колеги од Владата кои што имаа одреден ангажман во таа област. Прв пат туризмот почна да се третира како сериозна економска гранка како основа за економски развој, меѓутоа и за многу успешна и добра промоција на земјата во странство.

Што се однесува до екологијата, точно е дека се направени солидни основи пред се во законската регулатива за еден сериозен третман на екологијата. Но, јас верувам дека дури во овој следен период од екологијата ќе почнеме да ги чувствуваме вистинските промени во нашиот секојдневен живот и дека допрва ќе имаме задоволство да ги примениме законите коишто во минатиот мандат ги донесовме.

Трета точка што е за мене битна, тоа е социјалната политика. Ќе се залагам и понатаму како пратеник за добра и одговорна социјална политика со посебна грижа за правата на лицата со посебни потреби.

Верувам дека треба да изградиме општество на еднакви можности за сите, на мажи, на жени, со грижа за децата и за маргинилизираните групи. На овој план доста е направено, тргнати сме по овој пат , меѓутоа мислам дека имаме уште доста да изодиме.

Во оваа прилика сакам посебно да го изразам задоволството од она што го направи Владата во врска со стечајците и технолошките вишоци со над 25 години стаж. Сметам дека е тоа извонредно важен момент, затоа што се скрати маката на тие луѓе, меѓутоа се заврши и со еден дел од неправдите што долгогодишната транзиција ги остави во Македонија. Токму преку односот кон ова прашање, оваа Влада и премиерот покажаа голема човечност, голема искреност и слух за аргументите, покажаа дека знаат да ги сослушаат луѓето, знаат да прифатат аргументи и знаат да постапат и поинаку отколку што можеби на почетокот верувале дека е неопходно. Верувам дека на таков начин уште многу добри работи во социјалната политика ќе има и во следниот мандат.

Понатаму како четврта точка, би спомнала дека за мене ќе биде важна и ќе се интересирам за поголеми вложувања во науката и технолошкиот развој како предуслови за вкупен економски развој.

И петтата точка што секако е многу битна и за мене и за колегите од ДОМ, тоа е оној дел во предлог програмата на Владата каде што се ветува силна заложба за промоција на македонскиот идентитет и македонската држава. Сметам дека тоа е многу важно и посебно што е опфатена и онаа финеса дека секој во оваа држава треба да се грижи за културниот идентитет на секого меѓу нас. Меѓутоа , истовремено и сите да се грижиме за македонскиот идентитет, бидејќи тоа е она што не поврзува и без него едноставно нема да може да опстои Република Македонија како држава.

Почитуван премиере, почитувани министри, почитувани кандидати за министри, очекувам да се продолжи во новата Влада да се работи по принципите кои што веќе беа востановени во минатиот мандат како и досега со одговорност и посветеност во интерес на државата. Онаму каде што нема да се сложам, не ми земајте за зло, ќе бидам слободна да укажам можеби на некои пропусти или грешки , а секогаш со добра намера и сосема отворено и искрено. Верувам дека ќе има кој да ме чуе.

На крајот посакувам успешна работа и посакувам добра коалициона соработка, отвореност кон идеите на опозицијата, кон експертската јавност, невладиниот сектор и кон граѓаните во најшироката смисла. Има што да се одработи, има спремни луѓе за тоа од оваа кадровска постава која што се нуди, знаеме дека навистина има капацитет и верувам дека во овој состав Владата е само надградена и зајакната и секако ќе може да одговори на предизвиците на времето. Со господ напред, со среќа нека ни е. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според утврдениот редослед следен за збор е другарот, односно господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Благодарам другар претседателе што вака во ситните саати ми дадовте збор. Сега доаѓајќи од таму се мислев што да кажам. 18 луѓе пред мене зборуваа, многу работи кажаа, многу паметни работи изнесоа. Пред тоа беше експозето на идниот и сегашен премиер на Владата на Република Македонија. Меѓутоа чест ми е и задоволство да го искажам ставот на најстарата партија во Република Македонија, Социјалистичката партија на Македонија.

Јас веднаш да кажам дека ние од се срце ќе гласаме за оваа Влада, затоа што оваа Влада изготви програма која практично во голема мера беше и програма во успешниот двогодишен претходен период на владеењето на Владата, на овој премиер. И мое лично задоволство е што во таа програма е вткаена така да кажам и програмата на Социјалистичката партија на Македонија во сите делови. Посебно сакам да го истакнам делот што значи економски и динамичен развој и создавање на социјална сигурна држава. Јас многу внимателно повеќе пати во подолг временски период ја прочитав оваа програма со големо внимание и со голем интерес. Во таа програма видов големи промени, значајни реформи, значајни зафати на сите планови, на планот на економијата, во социјалата, во здравството, во обраЗованието, во културата, во спортот и тн. Читајќи често пати ми затреперуваше срцето и некако се чувствував многу благородно, затоа што гледав во неа една друга Македонија, развиена македонска држава, богата Македонија со висок стандард, со ниска инфлација, со низок степен на невработеност, со среќни луѓе и големи перспективи. Меѓутоа, кога подлабоко се внесував во самата Програма гледав пореалистички, може ли да се оствари оваа така огромна програма која бара огромно анагажирање, многу знаење, многу труд, многу инвентивност, многу храброст, смелост и тн. Тука се вратив пак на оние две години кои што изминаа кога на чело на оваа Влада беше господинот Никола Груевски. Ако тогаш и во такви услови таа Влада постигна значајни резулати тоа е една од гаранциите дека исто така ќе продолжи да ги постигнува сите овие дострели предвидени со програмата. Затоа сакам да се обратам до вас идни министри, воопшто не ви завидувам што ќе станете министри и воопшто не гледам дека ќе имате време за личен живот. Вие денеска кога ќе бидете избрани, вие престанувате да бидете партиски војници, вие сте министри на граѓаните на Република Македонија, вие сте должни да ја спроведувате оваа програма која што сите ја прифативме. Имајќи во предвид кој ќе ве предводи, вие немате време за личен живот, вие мора да се откажете од својот приватен живот.

Вие ќе работите по 16, 17, 18 часа, вие ќе бидете херои, или не, вие ќе останете во македонската историја запамтени како луѓе кои сте допринеле за силниот развој на Република Македонија и на извлекувањето на Македонија од овие тешки состојби. Чесно е, ако некој мисли дека не е во состојба да вложи толку голем труд, толку инвентивност, толку знаење, ако некој мисли дека доаѓа за министер само затоа нешто да ушиќари, тогаш подобро е пред да гласаме да станете и да кажете, пред такви задачи пред кои што се исправувате сте способни, или неспособни тоа да го решавате. Не можете вие да ги концентрирате сите знаења во себе. Затоа треба да ангажирате луѓе од занает, стручни луѓе, способни луѓе без оглед на припадноста партија, националност, вера итн. Тука треба практично  да се вклучат сите граѓани на Република Македонија, а ние пак посебно тука во Парламентот да ги следиме и донесуваме  законите кои што ни ги предлагате кои мораат да бидат квалитетни и силно да ве подржуваме во вашата работа, ако таа носи ефекти  . Дотолку потешко е пред вас за остварување на оваа програма, затоа што светската економска ситуација е исто така во многу сложена и тешка ситуација. Таа е предизвикана од многу причИни. Меѓутоа , на сите ви е познато дека главна е енергетиката, големиот раст на суровините, на храната и на шпекулативниот капитал. Според тоа, пред вас господо министри, пред вас кои ја водите економијата стои една голема обврска ние да ја ублажиме состојбата во енергетиката. Јасно е дека ние немаме нафта, јасно е дека сите досегашни истражувања не ги дадоа позитивните резултати. Меѓутоа, и  за истражување треба многу време и многу пари. Според тоа, треба да ни понудите решение, студии итн, како да ја смалиме потрошувачката на нафта. А постојат многу решенија. Мене времето не ми дозволува да зборувам за тоа. Но , во исто време ние не смееме понатаму да размислуваме за увоз на електрична енергија. Ние имаме суровинска база, имаме можности да ги задоволуваме потребите од електрична енергија со сопствено производство. Тука треба да се предложат краткорочни мерки, а и долгорочни мерки. Ние не треба да бегаме од тоа и еден ден да размислуваме за изградба на нуклеарна централа за што имаме значајни  нуклеарни суровини во Републиката. Еве , гледате времето ви е ограничено. Во тој правец исто така мислам дека треба да се вложат големи напори во развојот на суровинската база поради огромните  цени кои што постојат. Донесовме закон за концесии за истражување на минерални суровини, многу внимателно со давање на концесиите посебно на странски компании.  Посебен  проблем е во земјоделието каде што еве и мојата партија партиципира, за тоа има  многу да се зборува, но тоа е областа која многу брзо треба да ја развиеме.

Имав уште многу работи да кажам. Другите ќе ги кажам после 4 години кога повторно ќе формираме Влада.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:**  Господине претседателе, господине мандатор за состав на новата Влада Никола Груевевски, почитувани кандидати за министри, почитувани колеги.

Изборот на Влада е свечен и важен момент во секоја демократска држава  и логичен след на настаните после парламентарните избори во секоја демократска земја.

Токму за тоа на почетокот на моето обраќање морам да изразам жалење за неприсуството на опозицијата, истовремено и надеж дека многу брзо ќе ја увидат својата грешка и повторно ќе ги видиме во клупите со нивно учество конструктивно во пленарните седници на Собранието на Република Македонија.

Почитувани колеги навистина е разбирливо и многу лесно за нас како пратеници да поддржиме Влада која што ја сочинуваат и ја поддржуваат политичките партии, за кои што на последните избори гласале над 600 илјади граѓани, бидејќи на тој начин едноставно ја преточуваме волјата на граѓаните изразена на непосредни демократски избори. Се разбира самиот тој факт не е доволен. Потребна е издржана програма, реализација на таа програма и пред се доверба. Доверба заснована на конкретни резултати, на конкретно однесување во минатото за чинителите и реализаторите на таа програма.

Програмата ја имаме пред нас на 39 страници со конкретни проекти, со конкретни рокови и начини на нивна реализација, а довербата што ја имаме дека таа ќе се релизира е заснована на реализацијата и резултатите кои што најголем дел од министрите на чело со премиерот Груевски во претходниот состав на Владата ја оставија како впечаток на нас и на пошироката јавност.

Ќе се обидам колку што е можно накратко да споменам само некои од реализираните проекти и резултати, како и делови од програмата кои што ги сметам за побитни затоа што не можеме да разговараме и да зборуваме за составот на идната Влада ако не се осврнеме на работата на претходната Влада, бидејќи е истиот мандатор, најголем дел од предложените министри се министри од претходната Влада и е практично една Влада на континуитет на ВМРО ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери.

Она што е најбитно за нас како држава е дека во изминатите две години тоа може слободно да го потврдат и нашите политички опоненти, македонската економија почна да закрепнува и со оваа програма практично се обезбедуваат услови за нејзин понатамошен и подинамичен развој.

Сакам за илустрација само неколку податоци кои што беа кажани и од страна на премиерот

Груевски и се содржани во програмата, меѓутоа би сакал да ги спомнам со посебен акцент дека како резултат на работењето на Владата во 2007 година е остварена највисока стапка на економски раст од 1991 година до сега, а тоа е 5,1%.

Сличен тренд има и во првиот квартал на оваа година, странските директни инвестиции достигнаа 240 милиони евра. Извозот, исто така, оствари највисок пораст од 1991 година, во текот на транзицијата, на целокупната транзиција во Република Македонија од 40%. Иако, политиката на оваа Влада беше намалување на даноците, буџетските приходи се зголемени за 20% при намалени даноци на 10% на рамниот данок односно 12 па 10%. Со предвремената отплата на кредитите јавниот долг е намален од 38 на 24,8% од бруто домашниот производ, а надворешниот долг од 25% на 19% од бруто домашниот производ.

Она што е исто така за одбележување е дека платите во јавниот сектор се зголемија за 10% а пензиите во просек за 15%. Поврзаноста на она што е достигнување на Владата во претходниот период и програмата за наредниот 4-годишен период се однесува токму на економијата и на најважните економски показатели. Она што е предвидено во оваа програма е зголемување на платите за 10% во 2008 и во 2009 година за дополнителни 10%, така што вкупното зголемување ќе достигне 34%. Ќе се зголемат и пензиите респективно и со тоа вкупниот пораст на пензиите ќе достигне речиси 30% за најниските категории односно 20% за највисоките категории на пензии.

Од економските политики кои што се предвидуваат во програмата на Владата во периодот 2008 до 2012 година се предвидува да се оствари просечен пораст на бруто домашниот производ од 6 до 8%, што е процент кој што гарантира еден висок степен на разовј на македонската економија.

Исто така, во наредниот период за одбележување е во оваа програма е и намалувањето на стапките на социјалните придонеси за цели 10%, придонесот за пензиско осигурување, за здравствено осигурување и придонесот за вработување. Укинувањето на придонесот за здравствено осигурување во првите 18 месеци за вработување на млади лица до 27 години итн.

Од поважните и покапиталните проекти сметам дека треба да се истакне и тоа што се предвидува во наредниот 4-годишен период вкупниот кумулативен износ на директни инвестиции да достигне 2 милијарди евра, што е доста оптимистички и навистина треба да бидеме презадоволни ако барем 70 до 80% од ова предвидување се оствари, затоа што тоа ќе значи навистина поттик за економијата и подигање нан сите економски показатели кои што укажуваат автоматски и подигање на стандардот на граѓаните и подобар живот за граѓаните на Република Македонија.

Изградбата и реконструкцијата на регионалните и локалните патишта, проект кој што тежи 120 милиони евра исто така вреди да се спомене во оваа прилика. Понатаму, во областа на енергетиката неколку нови проекти кои што ќе значат постабилно снабдување на Република Македонија со електрична енергија и со други видови на енергија. Нормално, она што оваа Влада, се надевам и наредната ја одбележува и во очите на политичките опоненти дека е замјоделска Влада. Вниманието и мерките кои што Владата ги насочува за развој на земјоделието, значи во наредниот 4-годишен период се планира да се обезбедат субвенции за земјоделците во вкупен износ од 460 милиони евра, што е навистина една цифра која што во изминатите 50 години можеби во Република Македонија не е забележана.

Персоналниот состав на Владата, следејќи ги биографиите што ги имаме на кандидатите за министри и она што го имаме како искуство од нивната работа во досегашниот период, ни дава за право да веруваме дека се работи за компетентен, чесен, посветен состав, состав на стручни луѓе, докажани во своите професии кои што на чело со премиерот Груевски ќе можат да ја реализираат оваа навистина амбициозна Владина програма во наредниот 4-годишен период.

Сосема за крај оваа Влада ја заслужува нашата доверба како пратеници, затоа што е израз на волјата на граѓаните на Република Македонија и изразена на последните парламентарни избори на најдемократски непосреден начин.

Она што уште еднаш ќе го констатирам со жалење е неприсуството на опозицијата и не можноста да ги ставиме сите овие аргументи и факти кои што беа изнесени, кои што се содржани во програмата заедно да ги искоментираме и на тој начин да придонесеме за доброто на нашата татковина Република Македонија.

Од име на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ со безрезервна поддршка за мандаторот и за составот на новата Влада, со господ напред, бок нека е со нив, бог нека е со нас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпен утврдениот редослед на пратеници пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и преминуваме на избор на Владата на Република Македонија.

Ве потсетувам дека Собранието ја избира Владата со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Владата се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 77 пратеници, од нив за предложениот состав на Владата гласаа сите 77, нема воздржани нема против.

Ги молам членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република

Македонија и пратеникот Неждет Мустафа кој е предложен за член на Владата на Република Македонија да се произнесат по предложениот состав на Владата со кревање на рака.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Кој е против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

По предложениот состав на Владата вкупно гласаа 78 пратеници, од нив за гласаа сите 78, од гласањето не се воздржа ниеден пратеник, против нема ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието ја избра Владата на Република Македонија.

(Аплауз)

За претседател на Владата на Република Македонија е избран м-г Никола Груевски.

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани: Зоран Коњановски, за министер кој ќе раководи со Минситерството за одбрана, м-г Гордана Јанкуловска, за министер кој ќе раководи со Министерство за внатрешни работи, Михајло Маневски, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда, м-р Антониот Милошоски, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи, д-р Трајко Славески за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии, д-р Фатмир Бесими, за министер кој ке раководи со Министерството за економија, Ацо Спасеноски, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Бујар Османи, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство, Перо Стојановски, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука, Џелал Бајрами за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика. Муса Џафери, за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа, м-р Елизабета Канческа - Милевска, за министер кој ќе раководи со Минситерството за култура, м-р Иво Ивановски, за министер кој ќе раководи со Министерството за информатичко општество, Миле Јанаќиески, за министер кој ќе раководи со Министерството транспорт и врски, д-р Неџати Јакупи, за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

За министри без ресор се избрани: м-р Зоран Ставрески, м-р Ивица Боцевски, Абдилаќим Адеми, м-р Веле Самак, Неждет Мустафа и Хади Незири.

Ги молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

Ве повикувам да станеме.

Ги молам претседателот и членовите на Владата да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

(Претседателот на Собранието Трајко Вељаноски ја чита свечената изјава, а министрите повторуваат по него )

“Изјавувам дека функцијата ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе го почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Ги молам претседателот и членовите на Владата на Република Македонија да ги потпишат свечените изјави.

(Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија ги потпишуваат свечените изјави).

Дозволете ми од името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата и на министрите и да им посакам успешна работа во извршување на задачите кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

Констатирам дека со изборот на Владата на Република Македонија на членовите на Владата од претходниот состав кои не се избрани им престанува функцијата.

Согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 8 став 1 и член 152 став 1, алинеја 3 од Изборниот законик со изборот на Неждет Мустафа за министер во Владата, констатирам дека на господин Неждет Мустафа му престанува мандатот пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Неждет Мустафа беше избран од листата на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 153 од Изборниот законик.

Дами и господа, ве повикувам во свечената сала да им го честитаме изборот на претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 8-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши со работа во, 22,30 часот)